

**Intervju s Gordanom Kvajo:**

**Makedonija – inspiracija za sve koji prepoznaju ljepotu**

**Портрет: Д-р Еди Стерјо**

**Стручност, прецизност и посветеност која спасува животи**



# Македонски глас


Година XXXIII 2026.

МАРТ – АПРИЛ
OŽUJAK – TRAVANJ

БРОЈ 160

ISSN 1333-7769




## Македонскиот пат кон ЕУ предолг, комплексен и условуван

**Прослава на македонската култура**



**Велигден одбележан во Хрватска**



# Ferozomal

**mikrogranule za izravnu primjenu**
dodatak prehrani sa sladilima

okus limuna i šumskog voća
**s liposomalnim željezom**
**i vitaminima C i $B_{12}$**
30 vrećica




**Sadrži željezo koje doprinosi smanjenju umora i iscrpljenosti te normalnoj funkciji imunološkog sustava.**

ALKALOID
*Health above all*

OGL-637-01-03-2025-HR

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

# ЕХО НА ВРЕМЕТО

## Агол на уредникот
## Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Будем Конзалтинг д.о.о.
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Христина Грозданоска – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo je glasilo izrađeno uz financijsku podršku Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske. Sadržaj ovog glasila u isključivoj je odgovornosti Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj i ni pod kojim se uvjetima ne može smatrati kao odraz stajališta Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zmurh.hr@gmail.com
За издавачот: Илија Христодулов
Печат: „Мпринт“ – Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Sektor informiranja, Ur.broj 389-03-5/2-93-01/343, dana 14.07.1993. godine.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Ur.broj 532-03-1/7-94-01, od 10.05.1994. godine, ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Поделби

Читам дека во време кога светот сè повеќе се дели, празниците како Велигден нè потсетуваат колку малку вредат победите ако зад нив останат човечки страдања. Денес човештвото живее меѓу две реалности – едната е полна со пораки за мир, вера и достоинство, а другата со војни, политички пресметки и страв од иднината.

Големите држави повторно ги цртаат своите интереси преку туѓи територии и туѓи животи. Наместо соработка, доминира логиката на сила.

Во светлото на Велигден вреди да се потсетиме на зборовите стари две илјади години „Прости им Боже, не знаат што прават“, кои во моментот се поактуелни од било кога.

Некакво лудило како да го зафати светот. Лудило во кое се губиме, во кое тонеме, па пак испливуваме. И се прашуваме по стопати: Зошто? Зошто?

Зошто наместо соработка, доминира логиката на силата? Нешто во кое малите народи се чувствуваат загрозено, како ништо да не можат да направат.

А прават, како што прави Македонија за нејзиното членство во ЕУ. Но, таа сизифовска работа како да нè обесхрабрува, а разочарувањето станува поголемо кога знаеш дека некои работи не зависат само од тебе. И ќе чекаш, ќе чекаш толку многу, што ќе се умориш. Но, за Христијаните верници Велигден покажува дека после темнината доаѓа светло, дека после разочарувањето доаѓа надеж, надеж за подобро утре. Утре за нас, за нашите потомци. Утре за кое сонувале нашите предци. Ние Македонците сме жилав народ, не се предаваме лесно. Се бориме да опстанеме, да не бидеме заборавени.

И додека чекаме, ние Македонците во Хрватска даваме свој придонес и тоа го правиме одговорно за својот јазик, вера и идентитет. Со бројни активности ги прославуваме верските празници, организираме бројни настани каде го покажуваме заедништвото и љубовта кон нашата татковина и секако почитта кон Хрватска, како држава која ни овозможува организирано дејствување. Држава во која се цени мултикултурата и држава која се грижи за своите малцинства да си го сочуваат достоинството, јазикот, културата и верата.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Македонскиот пат кон ЕУ предолг, комплексен и условуван

*Ова го потенцираше македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова при нејзината официјална посета на Хрватска што се реализираше на 23 и 24 март 2026 година каде освен со државниот врв на РХ, оствари средба и со македонските иселеници*





*Хрватска поддршка за македонските евроинтеграции*

Дека нашиот пат кон Европската унија е предолг, комплексен, оптоварен со двојни стандарди и политички условувања, често спротивни на конститутивните акти на ЕУ и на владеењето на правото, уште еднаш потенцираше македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова при нејзината официјална посета на Република Хрватска што ја оствари на 23 и 24 март 2026 година.

## Тешки отстапки

Како што истакна на нејзиното предавање на Правниот факултет во Загреб, парадоксално е што земјата и покрај значајните реформи, но и тешки отстапки вклучително и промената на името, се соочува со нови барања од идентитетска и историска природа, надвор од Копенхашките критериуми.

- Проширувањето на Унијата во актуелниот геополитички момент е важно безбедносно прашање, рече македонската претседателка на предавањето пред професорите и студентите од Правниот факултет.

Високата гостинка од Македонија се сретна со државниот врв на Република Хрватска и оствари средби со нејзиниот хрватски колега Зоран Милановиќ и со претседателот на Владата на РХ, Андреј Пленковиќ, каде уште еднаш беа повторени разбирањето и поддршката на нашата земја, но и добрососедските односи и добросостојбата на македонските граѓани кои во Хрватска нашле свој втор дом.

## Членството во ЕУ, наша стратешка определба

Претседателката Сиљановска-Давкова на официјална церемонија со највисоки државни и воени почести беше пречекана од претседателот Милановиќ. Двајцата претседатели одржаа тет-а-тет средба, по што следеше пленарен состанок на македонската и хрватската делегација во чиј фокус, како што информираа од Кабинетот на претседателката, беа традиционално пријателските билатерални односи.

- Членството во ЕУ останува наша стратешка определба. Доследно се водиме од Копенхашките критериуми, со цел да изградиме функционален и демократски систем компатибилен со европските стандарди, истакна на заедничката прес конференција Сиљановска-Давкова.

Таа додаде дека евроинтегративниот процес мора да остане заснован на заслуги, реформи, исполнување на европските критериуми, а не да биде оптоварен со билатерални, историски, културни, јазични и идентитетски прашања, и порача дека очекуваме еднаков третман и примена на исти стандарди како и за другите земји кандидати, без двојни аршини.

Сиљановска-Давкова оствари средба и со премиерот Андреј Пленковиќ, при што се разговараше за можностите за интензивирање на економската соработка, инвестициите како и размена на искуства во процесот на пристапување кон Европската унија. Хрватската страна ја реафирмираше својата поддршка на македонските евроинтеграции и ја нагласи важноста на регионалната стабилност.

*Правен факултет во Загреб*



## Иселениците мост на пријателство меѓу двете држави

Во рамките на посетата, претседателката Сиљановска-Давкова оствари средба со македонските иселеници во Хрватска во просториите на МПЦ „Св. Злата Мегленска“ во Загреб, каде што беше запознаена со улогата на македонската заедница во хрватското општество и во градењето на цврстите врски помеѓу Хрватска и Македонија. На средбата беа присутни и бројни Македонци, како и претставници на македонските културни друштва од Загреб, Риека, Пула, Осиек, Сплит и Задар, меѓу кои беше и претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Илија Христодулов.

Македонската претседателка особено се заблагодари за топлиот пречек, но најмногу за напорите на македонските граѓани во Хрватска и посветениот ангажман во негувањето и чувањето на македонскиот идентитет. Таа ја истакна нивната улога како мост на пријателство меѓу двете држави.

Средбата беше искористена и за размена на мислења за предизвиците со кои се соочува дијаспората, како и за можностите за нивно поголемо вклучување во општествениот и економскиот живот на матичната држава.









## Македонскиот духовен храм во Загреб

Претседателката Сиљановска-Давкова посетата во Хрватска ја започна во МПЦ „Св. Злата Мегленска“ каде што оствари средба со членовите на Управниот одбор.

Во знак на искрена и посебна почит по повод првата посета на македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова, отец Кирко Велински, во име на УО, ѝ додели специјален орден со ликот на светата Злата Мегленска, на кој е изгравиран датумот на осветувањето, а на задната страна е втиснат грбот на МПЦ-ОА.



Претседателката за време на посетата положи венец на Споменикот на татковината, а во Градскиот парк „Бундек“ ја посети и спомен бистата на Блаже Конески, каде што исто така положи венец.

Дополнително претседателката Сиљановска-Давкова го посети и македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, каде што ја отвори изложбата „Архивски документи“ на македонската истакната уметница Жанета Вангели. Таа ја потенцираше



важноста на ваквите институции за промоција на македонското културно наследство во странство и за зацврстување на културните врски со дијаспората. Ваквите настани се потврда на моќта на културната дипломатија.

Посетата заврши со порака за продлабочување на партнерството меѓу Македонија и Хрватска, засновано на меѓусебна почит, соработка и заеднички европски вредности.

Милена Георгиевска

# Хрватското искуство за ЕУ, драгоцено за Македонија

*Средбата меѓу македонскиот министер за надворешни работи и надворешна трговија, Тимчо Муцунски, и хрватскиот министер за надворешни и европски работи, Гордан Грлиќ Радман, што се одржа на 30 април 2026 година во Загреб, уште еднаш ги потврди блиските и пријателски односи меѓу двете земји*

Во духот на традиционалното партнерство и сојузништво во рамките на НАТО, двајцата министри разговараа за можностите за натамошно продлабочување на политичката, економската и културната соработка.

Посебно внимание беше посветено на европската перспектива на Македонија и на поддршката што Хрватска континуирано ѝ ја дава на нашата држава во процесот на интеграција во Европската Унија. Министерот Муцунски истакна дека искуствата на Хрватска како најмлада членка на ЕУ се од големо значење за македонските институции и за реформските процеси што се спроведуваат во земјата.

## Меѓувладин Договор за стратешка соработка

Како што соопштија од Кабинетот на министерот Муцунски, оваа средба претставува потврда на интензивниот политички дијалог и конструктивната соработка што двете земји ја негуваат повеќе од три децении, а се реализира во пресрет на потпишувањето на меѓувладиниот Договор за стратешка соработка кој се темели на европските вредности, континуирано градената доверба и заемното почитување.

Министрите се согласија дека одржувањето на зајакната координација како сојузници во рамките на НАТО претставува врвен надворешно-политички приоритет, кој се покажува како ефективен механизам за усогласување на ставовите, зајакнување на меѓусебното разбирање и зголемување на придонесот кон регионалната и евроатланската безбедност, при што беше нагласено дека обете држави остануваат посветени на почитување на вредностите и принципите на Алијансата.



## Нови проекти во повеќе области

Во разговорите беа отворени и теми поврзани со економската соработка, трговската размена и можностите за нови заеднички проекти во повеќе области. Двајцата министри оценија дека постои значителен простор за унапредување на економските врски и за создавање подобри услови за соработка меѓу бизнис-заедниците на двете држави.

Средбата помина во пријателска и конструктивна атмосфера, при што беше нагласена важноста од регионалната стабилност и добрососедските односи како клучен предуслов за развој и напредок на целиот регион. Воедно, беше потврдена подготвеноста за интензивирање на политичкиот дијалог и за продолжување на редовната комуникација меѓу министерствата за надворешни работи на Македонија и на Хрватска.

За македонската заедница во Република Хрватска, ваквите средби претставуваат дополнителен поттик за јакнење на врските меѓу двете пријателски земји и за натамошна афирмација на македонската култура, идентитет и присуство во хрватското општество.

М. Г.

# Македонската жена како мост на културата и идентитетот во Хрватска

***На трибината одржана во Сплит беше истакната важноста на жената како чувар на семејството, традицијата, јазикот и културниот идентитет***



Во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, на 7 март 2026 година во просториите на Друштвото се одржа трибината „Хрватско-македонски културни врски“, а по повод одбележувањето на 8 Март – Меѓународен ден на жената, на тема „Македонската жена како мост на културата и идентитетот во Хрватска“.

Настанот се реализираше под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрвтаска, во присуство на бројни членови, гости и пријатели на македонската заедница во Хрватска.



## Улогата на жената

Трибината ја отвори потпретседателката на Друштвото, Венка Цанко, која во своето поздравно обраќање ја истакна важноста на жената како чувар на семејството, традицијата, јазикот и културниот идентитет. Таа нагласи дека македонската жена низ годините одиграла значајна улога во зачувувањето на националната припадност, особено меѓу македонската дијаспора, каде љубовта кон татковината и културното наследство се пренесуваат токму преку семејството, воспитувањето и секојдневниот живот.

Предавач и говорник на трибината беше д-р Руменка Марковска, која низ своето излагање се осврна на улогата на македонската жена како носител на духовните и културните вредности, но и како активен учесник во општественото и културниот живот во Хрватска. Таа говореше за значењето на жената во зачувувањето на мајчиниот јазик, народните обичаи, песната и традицијата, посочувајќи дека токму жените често биле тие кои ја одржувале врската со корените и националниот идентитет и во најтешките времиња.

Во своето излагање Марковска потенцираше дека македонската жена претставува „мост“ меѓу двете култури – македонската и хрватската – придонесувајќи за меѓусебно почитување, културна размена и зближување меѓу двата народа. Таа истакна и дека преку активностите на македонските друштва во Хрватска, жените имаат особено значајна улога во организирањето на културни настани, литературни вечери како и негување на традиционалните вредности.

## Мостови на пријателство

Во име на Друштвото збор зеде и потпретседателката Љубинка Тасиќ, која говореше за значењето на женската солидарност, за активното учество на жените во работата на Друштвото, како и за нивниот придонес во зачувувањето на македонскиот идентитет меѓу помладите генерации.

Во рамките на одбележувањето на 8 Март, на присутните жени им беа поделени и рози како симболичен знак на почит, благодарност и внимание за нивната улога и придонес во семејството, културата и заедницата. Овој гест внесе дополнителна топлина и свеченост во атмосферата на настанот, а беше пречекан со искрени насмевки и задоволство од присутните.

Настанот помина во топла, свечена и пријателска атмосфера, исполнета со разговори за културата, традицијата и улогата на жената во современото општество. По официјалниот дел следеше дружење на присутните членови и гости, кои ја продолжија вечерта во духот на заедништвото и меѓусебната почит. Со вакните активности МКД „Македонија“ од Сплит продолжува активно да придонесува во зачувувањето и афирмацијата на македонскиот јазик, култура и национален идентитет во Хрватска, истовремено градејќи мостови на пријателство и соработка меѓу двете земји.

Марта Жаја



# MAKEDONIJA – inspiracija za sve koji prepoznaju ljepotu

*Povodom izložbe fotografija u Zadru koja će se održati 29. lipnja 2026. godine razgovarali smo s Gordanom Kvajo, umirovljenom ekonomisticom iz Rijeke, koja već godinama s posebnom ljubavlju njeguje makedonsku tradiciju, kulturu i umjetnost. Rođena u Rijeci, u obitelji makedonsko-hrvatskih korijena, Gordana Kvajo svoju povezanost s Makedonijom izražava kroz fotografiju, glazbu, ples i aktivan rad u makedonskim društvima*

Dugogodišnja je članica MKD „Ilinden“, gdje posebno uživa u zajedništvu i druženjima, a makedonska glazba zauzima posebno mjesto u njezinu životu. Pjeva u zboru MKD „Ilinden“ te s velikim emocijama govori o ljepotama Makedonije, njezinim običajima, plesu i gastronomiji. U Skopju je već predstavila svoje fotografije na samostalnoj izložbi, a sada ih ima priliku vidjeti i zadarska publika.

Osim umjetničkog rada, godinama je bila i dopisnica „Makedonskog glasa“, a njezin rad nastavit će Hristina Grozdanoska. Gordana nam u razgovoru otkriva kako je nastala njezina ljubav prema fotografiji, što joj znači makedonski identitet te koliko joj zajedništvo unutar makedonske zajednice obogaćuje život.

## „Fotografija – to sam ja“

**Kako je nastala Vaša ljubav prema fotografiji i kada ste prvi put uzeli fotoaparat u ruke? Što publika može vidjeti na Vašoj izložbi u Zadru i koja je glavna poruka fotografija?**

Fotografija je oduvijek i neprestano bila prisutna u mojem životu, ali na razini obiteljskog dokumenta. Prve osnove u fotografiji naučila sam u osnovnoj školi u foto kabinetu. Dakako, bila je to analogna, crno-bijela fotografija. Sveprisutna digitalna tehnologija, odlazak u mirovinu 2012. godine i kupnja prvog digitalnog fotoaparata doprinijeli su da svijet fotografije postane moj hobi i dominantan prostor u životu.

Veselim se izložbi u Zadru, a njezin naslov „Fotografija – to sam ja“ predstavlja ujedno i odgovor na pitanje, drugim riječima, izložba nije tematska, to je mali prikaz svijeta kroz moj objektiv. Glavna poruka fotografija? Teško pitanje. Svaka fotografija ima poruku za sebe, ali mislim da je bit fotografije da promatranjem svijeta oko sebe, zapažanjem, bilježenjem foto aparatom i, u konačnici, fotografijom, poručimo svima koji je gledaju: „Širom otvorite oči i srca – ljepota je svugdje oko nas, ona nas čini i boljim ljudima“.



**Rođeni ste u Rijeci, Vaša majka je Makedonka, a otac Hrvat. Koliko su Vas obje kulture oblikovale kao osobu i umjetnicu?**

Odrastati u makedonsko-hrvatskoj obitelji za mene predstavlja privilegiju. Moja mi je majka prenijela toplinu juga, kroz pjesmu, mirise tradicionalnih jela i odlaske u Ohrid gdje je rođena. Moj otac je na svoj način utjecao na mene kroz ljubav prema moru, maslinama i otoku Krku. Naučili su me kako da volim domovinu Hrvatsku, ali i da se ponosim makedonskim genima. Naučili su me da ne dijelim ljude po narodnosti, po vjeri, boji kože... Kada vas roditelji nauče što to znači biti čovjek, što su prave vrijednosti u životu, nauče kako doživjeti svijet oko sebe... mislim da je to dio koji se može osjetiti i na mojim fotografijama.

## Ohrid, Galičica, Bistra...

**Koliko Vam znači povezanost s Makedonijom i koliko često ondje pronalazite inspiraciju za fotografije? U Skopju ste imali i samostalnu izložbu fotografija. Kakvi su bili dojmovi publike i što Vam to iskustvo znači?**

Makedonija je inspiracija za sve koji prepoznaju ljepotu, bilo u glazbi, bilo u slikarstvu, primijenjenoj umjetnosti, fotografiji. Nema boljeg osjećaja od noćne šetnje ohridskim uličicama, zvuka koraka na kaldrmi, ili pogleda

na beskrajne livade planine Bistre, ili snježne vrhunce Galičice, plavetnilo Ohridskog jezera – uz fotoaparat. Inspiracija se nalazi na svakom koraku.

Da, ponosim se što sam tu izložbu, zahvaljujući pozivu Violete Kalić, imala 2019. godine u galeriji „KO-RA“ u Domu kulture „Kočo Racin“ u Skopju. Zahvaljujući odluci MKD „Ilinden“ da članovi, zbor i orkestar otputuju na jednu kratku turneju po Makedoniji, predstave se nastupima i upoznaju dio Makedonije, povezali smo ta dva događaja pa je publika prisutna na otvorenju izložbe, osim fotografijama, bila ugodno iznenađena i oduševljena nastupom zbora i orkestra, a čitala se i poezija naše Ivone Dunoski i, na žalost, pok. Violete Sekovske. Sam događaj popratili su državni mediji. Posebna mi je čast što je Violeta Kalić, godinu dana kasnije, u svojoj knjizi „Osvrti – refleksije, iluminacije, reminiscencije“ uz izložbe 114 umjetnika, predstavila i moju izložbu.

**Dugogodišnja ste članica MKD „Ilinden“. Koliko Vam znači rad i druženje unutar makedonske zajednice u Rijeci?**

U „Ilindenu“ sam od 2014. godine. Moja majka je preminula prije osnivanja MKD „Ilinden“ pa sam slučajno, zahvaljujući medijima, saznala da postoji Društvo i počela pratiti njegov rad kroz postavljene izložbe, a pošto sam već bila u mirovini, imala sam dovoljno vremena da sve češće dolazim u MKD „Ilinden“, što je rezultiralo mojim članstvom. Kasnije mi se pridružio suprug, a nedavno i sin. Vrlo brzo sam se priključila zboru, postala službeni fotograf Društva i član Upravnog odbora.

Ilindenci su moja riječka, makedonska obitelj i zaista ih tako doživljavam. Tu se čuje makedonska riječ, makedonska pjesma, zapleše se oro. Tu su ljudi prisutni i za dobro i za loše, uvijek spremni pomoći. Zajedno se veselimo, zajedno tugujemo, podrška smo jedni drugima.

## Makedonska glazba u genima

**Posebno volite makedonsku glazbu i pjevate u zboru MKD „Ilinden“. Koliko glazba utječe na Vaše stvaralaštvo i emocije koje prenosite fotografijom?**

Makedonska glazba mi je u genima, sluh i nešto glasa mi je makedonsko nasljeđe. Sretna sam što, unatoč godinama, još mogu pjevati. Volim makedonsku tradicionalnu glazbu, ali i njezin utjecaj na ostale vrste glazbe, prvenstveno mislim na tzv. „etno jazz“. U svakoj umjetnosti su najvažnije emocije, bilo to glazba, slikarstvo, fotografija. Povezala sam svoju strast prema glazbi i fotografiji, pa me se može često vidjeti na koncertima s foto aparatom.



Krste i Danče

**Kada biste kroz jednu fotografiju morali opisati Makedoniju – što bi se na njoj nalazilo?**

Najteže pitanje! Najlakše bi mi bilo kazati da je to fotografija Ohrida (koji od svog djetinjstva doživljavam kao svoj grad), ali volim i Galičnik, i Mavrovo, i Kruševo, da ne nabrajam, ali Makedoniju čine ljudi. U 2023. godini u Galičniku sam snimila jednu, meni predivnu fotografiju, bračni par, dvoje staraca, Krste i Danče, izborana lica na kojima se „čita“ život, njegov osmjeh i njezine plave oči pune topline. Da, to bi bila ta fotografija.

Milena Georgievska

# Život nosi iznenađenja

**Dugo ste godina bili dopisnica „Makedonskog glasa“. Kako gledate na to razdoblje i koliko Vam je značio rad za novine?**

Da mi je netko, nekada rekao da ću biti dopisnik za časopis, po mojem mišljenju za časopis od velikog značenja, sigurno bi se nasmijala misleći da se šali, ali eto, i to se dogodilo, život nosi iznenađenja. Prije više od 8 godina, Ivona Dunoski je nešto prepoznala u meni, bila dovoljno uvjerljiva i tako sam počela. Imala sam njezinu podršku, jer nije jednostavno pisati, nekome tko se u svojem radnom vijeku bavio uglavnom brojkama, a uz to osim što razumije, ne govori makedonski. Imala sam dobru suradnju sa Nadicom Šalevskom i Anom Fantin koje su prevodile moje tekstove dok su fotografije bile moj dio zadatka. Pisanje za „Makedonski glas“ bila mi je čast, upoznala sam kvalitetne, drage ljude koje neću ponaosob spominjati, nego se svima od srca zahvaliti na podršci i pomoći, počevši od glavne urednice.

Iskustvo pisanja u ovom ne tako kratkom razdoblju je mnogo doprinijelo meni kao osobi, mojem osobnom rastu, unatoč mojim već visokim godinama. Ostat ću uz „Makedonski glas“ i dalje kroz moje fotografije. Osjetila sam kako je došlo vrijeme da taj „posao“ predam nekome tko je mlađi i tko će biti bolji dopisnik od mene, a to je Hristina Grozdanoska kojoj želim uspješni rad i suradnju s uredništvom.



Gordana Kvajo i Hristina Grozdanoska

# Актуелни прашања за Македонците пред собранискиот застапник Армин Хоџиќ



*Уште еден од низата настани на МКД „Илинден“ во Риека во изминатиов период беше посетата на Армин Хоџиќ, собраниски застапник на албанското, бошњачкото, црногорското, македонското и словенечкото национално малцинство во Собранието на Република Хрватска*

Домаќини на средбата на 7 март беа претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Илија Христодулов, претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски, и претседателката на Советот на македонското национално малцинство за Град Риека, Лидија Божиќ. На работната средба со собранискиот застапник, исто така беа присутни и членовите на Управните одбори на МКД „Илинден“ и на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“ од Риека.

## Од почетоците до денес

Средбата помина во пријатна дискусија и дијалог, при што Хоџиќ имаше можност да се запознае со историјатот на Друштвото и на Црковната општина од формирањето до денес, нивните работни активности и плановите за во иднина. Претседателот на ЗМРХ, Христодулов го истакна несебичниот придонес на македонското национално малцинство во градењето и јакнењето на Република Хрватска како мултинационална и мултикултурна држава во рамките на Европската унија.

Притоа упати јавна благодарност до Владата и правните институции на Република Хрватска за финансиската потпора која заедницата ја добива, а без која не би биле возможни активностите и функционирањето на ЗМРХ.

## Тековни проблеми и тешкотии

Во текот на разговорот домаќините пред собранискиот застапник ги изнесоа и тековните проблеми и тешкотии со кои припадниците на малцинствата секојдневно се соочуваат. Пред сè, акцент беше ставен на висината на месечниот финансиски надомест за основно здравствено осигурување, односно на можноста за решавање на оваа проблематика согласно законите на Република Хрватска. Исто така, го изнесоа и проблемот околу времетраењето за издавање на работни дозволи, нивното продолжување, како и за одобрување на барањето за долготраен престој на кој во многу случаи припадниците на малцинствата чекаат и по повеќе од две години.



Армин Хоџиќ се заблагодари за срдечниот прием и исцрпните дискусии, и на присутните им се обрати со ветување дека нивните потреби и проблеми ќе бидат пренесени и презентирани во Собранието на Република Хрватска со надеж за нивно благовремено решавање.

Христина Грозданоска



# Понатамошен развој на активностите на малцинствата

За време на службената посета на Задарската жупанија, собранискиот застапник за албанското, македонското, бошњачкото, црногорското и словенечкото национално малцинство во Хрватското собрание, Армин Хоџиќ, заедно со своите соработници, се сретна и со претставници на македонското национално малцинство. Во рамките на посетата на Задар, застапникот Хоџиќ го посети Македонското културно друштво „Билјана“ во Задар на 4 март 2026 година, каде што со големо задоволство беше пречекан од претседателката Мирјана Мајиќ, потпретседателката Антонела Галиќ и други членови.

На средбата се разговараше за проектите на Друштвото, за нивните потреби, финансирањето, статусот на македонското малцинство во жупанијата и можностите за подобрување на работата на Друштвото и понатамошен развој на активностите на малцинствата. Застапникот Хоџиќ ја изрази својата поддршка за работата на МКД „Билјана“ и својата подготвеност да помогне во решавањето на сите потенцијални проблеми или потреби.

А. Г.



# Од наука до поезија – трите лица на творештвото на Елка Јачева-Улчар

На 11 март 2026 година, во организација на Македонското културно друштво „Охридски бисер“ во Загреб, во просториите на „Трибини на Град Загреб“, се одржа културната манифестација „Денови на македонската култура“. Настанот обедини љубители на пишаниот збор, јазикот и традицијата, претворајќи ја средбата во топол простор на заедништво и духовна блискост.

Во фокусот беше претставувањето на три книжевни дела на проф. д-р Елка Јачева-Улчар од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје, што на суптилен и проникнлив начин ја отвораат темата за идентитетот, историската меморија и личната доживеаност. „Презимето кај Македонците“ понуди увид и интересни факти за македонските презимиња како трага на потеклото, „Абецедарот – сто години потоа (1925–2025)“ – со авторски текстови од проф. д-р Нада Јурукова, проф. д-р Виолета Ачкоска и проф. д-р Елка Јачева Улчар – потсети на вековната јазична истрајност, додека „Има така некои денови“, како прва нејзина стихозбирка донесе интимен поетски израз исполнет со емоција и лирска сензибилност.

Присуството на проф. д-р Елка Јачева-Улчар, лингвист, македонист и автор на повеќе научни трудови, која со своето обраќање внесе научна длабочина и јасна перспектива, беше срдечно поздравено од присутните. Промоторката Ивана Брезовец, претседателка на Друштвото, со внимателно избрани зборови ги доближи авторката и нејзините дела до присутните, отворајќи простор за размислување и ново читање.

Програмата беше заокружена со настапот на Сафиудин Алимоски, чија изведба на кавал внесе топлина и препознатлива звучност, допирајќи ги присутните на еден поинаков, но подеднакво силен начин.

Овој настан уште еднаш потврди дека културата не познава граници, туку живее таму каде што се негува, се споделува и се чувствува. Одржана под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, промоцијата остави впечаток на бисерна нишка во мозаикот на македонската култура што МКД „Охридски бисер“ ја презентира во Загреб.

Елизабета Петровска





# СТРУЧНОСТ, ПРЕЦИЗНОСТ И ПОСВЕТЕНОСТ КОЈА СПАСУВА ЖИВОТИ

*Со својата работа и резултати, д-р Еди Стерјо не само што изгради углед како врвен васкуларен хирург, туку стана и пример за лекар кој знае дека покрај медицинското знаење, подеднакво важни се човечноста, емпатијата и почитта кон пациентот*

Д-р Еди Стерјо, истакнат васкуларен хирург со потекло од Македонија, веќе неколку години успешно го гради својот професионален пат во Општата болница во Задар каде што стана едно од најпочитуваните имиња меѓу пациентите и колегите. Направил бројни успешни операции на крвни садови на врат (каротида), операции на аневризма на абдоминална аорта, хируршки операции на крвни садови на екстремитети, ласерски операции на проширени вени и ендоваскуларни операции. Неговата стручност, прецизност и посветеност во работата оставаат силен впечаток кај сите кои имале можност да бидат под негова грижа.

## Сигурност во најтешките моменти

Пациентите особено ја истакнуваат неговата смиреност, човечност и искрен пристап со кој успева да внесе доверба и сигурност дури и во најтешките моменти. Многумина велат дека разговорот со д-р Стерјо пред операција им давал чувство дека сè ќе помине во најдобар ред, а токму тоа е една од најголемите вредности што еден лекар може да им ја пружи на своите пациенти.

Бројни позитивни коментари и благодарници можат да се прочитаат на платформата „Нај-доктор", како и во писмата што редовно пристигнуваат до Општата болница во Задар. Во нив пациентите го опишуваат како исклучителен професионалец, лекар со „златни раце" и човек кој со својата посветеност враќа надеж и квалитет на животот.

Со својата работа и резултати, д-р Еди Стерјо не само што изгради углед како врвен васкуларен хирург, туку стана и пример за лекар кој знае дека покрај медицинското знаење, подеднакво важни се човечноста, емпатијата и почитта кон пациентот.

## Сложена операција

Во оваа прилика посебно ќе го издвоиме случајот на Златко Шокец од Нин на кого лекарскиот тим предводен од д-р Еди Стерјо успешно му изведе исклучително сложена и високоризична операција со што му беше спасен животот. Станува збор за зафат за поправка на анеуризма на абдоминалната аорта – интервенција која бара врвна стручност, искуство и прецизност, а која во Општата болница во Задар се изведува многу ретко.

Токму поради сложеноста на операцијата, случајот привлече внимание и во медиумите кои известуваа за успешниот исход на оваа тешка медицинска интервенција. Според достапните информации, ваков тип операција можеби досега никогаш не бил изведен во задарската болница, иако за тоа медиумите не добија официјална и прецизна потврда.

Успешниот зафат уште еднаш ја потврди стручноста и подготвеноста на тимот предводен од д-р Стерјо да се соочи и со најкомплексните медицински предизвици. За пациентот и неговото семејство ова не беше само успешна операција, туку нова шанса за живот, а за многумина доказ дека и во регионалните болници можат да се изведуваат врвни медицински процедури кога зад нив стојат знаење, посветеност и храброст.

## Пациентите говорат

Пред неколку дена во јавноста одекна и објавата на пациентот Вјекослав Вукиќ, кој со искрени зборови ги опиша својата благодарност и почит кон д-р Еди Стерјо и медицинскиот тим. Меѓу другото, тој напиша:

„Посебно сакам да го истакнам д-р Еди Стерјо, стручњак кој се издвојува не само со врвна оперативна умешност, туку и со неверојатен човечки пристап. Фактот дека д-р Еди









ги посетува пациентите и за време на викендите, надвор од работното време, доволно говори за неговата целосна посветеност кон професијата.“

Овие зборови уште еднаш ја потврдуваат сликата што за д-р Стерјо ја имаат неговите пациенти – лекар кој не се грижи само за успешноста на операцијата, туку и за психолошката сигурност, довербата и човечката поддршка што им се неопходни на пациентите во најтешките моменти.

Токму ваквите сведоштва се најголемата потврда за неговата работа и причината поради која д-р Еди Стерјо денес ужива голема почит не само во Задар, туку и пошироко кај пациенти од Загреб, Риека, Сплит, Госпиќ, Пула и др.

Еве уште еден коментар од платформата „Нај-доктор“:

„Д-р Еди Стерјо е доктор кој ме оперираше и ме воодушеви како стручњак и како човек. Толку грижа кон пациентите ретко кој доктор пружа. После операцијата која, фала Богу, помина добро и на време проблемот е решен, д-р Еди Стерјо беше дежурен тој ден и ноќ и слободен после тоа (беше недела); иако слободен, дојде да ги посети своите пациенти, да види дали се добро. Поминав 6 операции пред оваа, и во Биоград, и во Сплит, но толкаво внимание кон пациент никогаш никаде не сум доживеал. Му благодарам на д-р Еди на неговото внимание и стручност и драго ми е што болницата во Задар доби таков доктор.“

Во коментарите неретко се наведува и благодарност до целиот медицински тим на Васкуларното одделение во Општата болница во Задар.

Милена Георгиевска

## „Моите пациенти говорат за мене и за мојата работа“

Кога го прашавме д-р Еди Стерјо дали би сакал да направиме разговор за неговата работа и успеси, скромно одговори: „Моите пациенти говорат за мене и за мојата работа.“

Токму во оваа едноставна реченица се гледа неговиот карактер – професионалец кој повеќе сака резултатите, спасените животи и благодарноста на пациентите да зборуваат наместо него. Без потреба од голема самопромоција, д-р Стерјо со години го гради својот углед преку посветената работа, врвната стручност и човечкиот однос кон секој пациент.

А судејќи според бројните благодарници, позитивни коментари и сведоштва на луѓето на кои им помогнал, пациентите навистина имаат што да кажат за него.



# Една вечер, многу приказни – во чест на жената

*Во духот на традицијата и со силна емоција на припадност, Македонското културно друштво „Охридски бисер“ во Загреб и оваа 2026 година го одбележи Денот на жената*









Денот на жената отсекогаш бил момент на обединување, чувство, гест, насмевка. За оние што живеат надвор од татковината, овој ден добива посебно значење. Потсетник е на корените, на вредностите што се носат во срцето без разлика каде сме. Тоа е ден кога се слави жената како инспирација, како поддршка, како сила што ги поврзува генерациите.

Во духот на традицијата и со силна емоција на припадност, Македонското културно друштво „Охридски бисер“ во Загреб и оваа 2026 година го одбележи Денот на жената преку културната манифестација „Денови на македонската култура“. Настанот, кој се одржа на 6 март во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, претставуваше уште една убава можност за собирање, дружење, славење и негување на македонскиот идентитет далеку од татковината.

Вечерта беше посветена на жената – не само како симбол на љубов и грижа, туку и како важен дел од народната традиција и културното наследство. Програмата носеше содржини што го поврзуваат минатото со сегашноста, преку интересни излагања и уметнички настапи.

## Со песна, збор и роза

Посебен акцент беше ставен на улогата на македонската жена. Проф. д-р Елка Јачева-Улчар говореше за „Третманот на жената во народниот живот и во народната книжевност на Македонија“, тема која отвора простор за размислување, но и за гордост. Д-р Аница Влашиќ-Аниќ, пак, говореше за „Пергаментите од фармерки“, со што се внесе и креативна, современа нота што ја збогати програмата која ја водеше претседателката на Друштвото, Ивана Брезовец.

Како и секогаш, пејачката група „Моми бисерни“ и инструменталната група „Охридски бисер“, под водство на Сафиудин Алимоски, придонесоа за убавината на прославата со својот настап, додека пак водителката на кулинарската секција, Недка Тркуља, се погрижи за македонските деликатеси. Токму моментите кога генерациите се спојуваат преку културата, се највредниот дел од ваквите собири.

Присутните жени добија по една роза како мал, но искрен знак на внимание и благодарност, што ја разубави атмосферата и внесе дополнителна топлина во вечерта, оставајќи насмевки и чувство на почит кај секоја од нив.

„Ова е начин да останеме блиски, да се потсетиме кои сме и да ја прославиме жената како дел од нашата приказна“, порачуваат од Друштвото.

Настанот се организираше под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Елизабета Петровска

# Празник што ја оживеа велигденската традиција

*Прославата беше силен глас што ги обединува генерациите и ги поврзува луѓето и културите*



Во организација на Македонското културно друштво „Охридски бисер“ во Загреб, а под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, на 14 април 2026 година во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, во склоп на културната манифестација „Денови на македонската култура“, се одржа традиционална велигденска прослава.

Вечерта беше исполнета со празнична светлина, а сè се одвиваше под називот „Велигденска традиција“, кој на симболичен начин ја поврза духовната длабочина на празникот со богатството на македонското културно наследство. Бројните присутни членови и гости имаа можност да уживаат во разновидната програма подготвена од секциите на МКД „Охридски бисер“, кои со своите настапи донесоа сплет од традиционални вредности, позитивна енергија и добро расположение.

## Вистинска радост

На почетокот на програмата се обрати претседателката на Друштвото, Ивана Брезовец, која ги поздрави присутните и говореше за празникот и обичаите. Пејачката група „Моми бисерни“ и инструменталната група „Охридски бисер“, под водство на Сафиудин Алимоски, исполнија неколку убави македонски народни песни и добија заслужен аплауз.

Поздравно обраќање и рецитал имаше и гостинката на вечерта, поетесата Љерка Тот Наумова од Скопје. Меѓу присутните членови и гости, Македонци и нивните пријатели, беа и Мими Ѓорѓоска Илиевска, директорка на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, Ненад Немет, претседател на огранокот на Заедницата на Хрватите во Македонија – Скопје и Ана Далиповски, претседателка на Центарот за спроведување на интеграцијата на Ромите во РХ и ЕУ.

По службениот дел, можеше да се разгледа пригодната изложба на ракотворби подготвена од членките на етно работилницата „Разбој“. Водителката на кулинарската секција, Недка Тркуља, им подели на присутните по едно црвено јајце за среќа и добро здравје. Трпезата беше полна со празнични солени и слатки домашни специјалитети кои мамеа да се пробаат, а меѓу нив почесно место имаше велигденската погача.

Песната, танцот и убавиот збор настанот го претворија во вистинска радост, во кој велигденската симболика на обновување и надеж доби своја уметничка димензија. Во тој дух, прославата беше силен глас што ги обединува генерациите и ги поврзува луѓето и културите, а традицијата продолжува да живее, да се пренесува и да инспирира, градејќи мостови на пријателство, припадност и заедништво.

Елизабета Петровска









# Продлабочување на врските помеѓу двете пријателски земји

**13 март беше датум резервиран за еднодневна работна средба на македонскиот амбасадор во Република Хрватска, Драган Ѓурчевски, со претставниците на градската и на жупаниската власт на градот Риека и Приморско-горанската жупанија**



Во придружба на Илија Христодулов, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Ивона Дуноски, претседателка на МКД „Илинден“ од Риека, Лидија Божиќ, претседателка на Советот на македонското национално малцинство за Град Риека, отец Дејан Белчовски, парохиски свештеник за Риечко-пулската парохија и академик професор емеритус Горан Калоѓера, амбасадорот Ѓурчевски најнапред срдечно беше примен од страна на градоначалничката на Риека, Ива Ринчиќ.

Во топла и пријатна атмосфера, поздравувајќи ги амбасадорот и присутните гости, градоначалничката Ринчиќ нагласи дека македонската заедница има важна улога во градењето и зачувувањето на културната разноликост на Риека и им се заблагодари на претставниците на Македонците во Риека за долгогодишната работа и одличната соработка со градските власти. Таа истакна дека преку својата работа и бројните активности кои македонската заедница ги спроведува, промоцијата на македонската култура и идентитет се на завидно ниво во Приморско-горанската жупанија и пошироко.

## Иницијативи за соработка

На средбата се говореше за јакнењето на врските помеѓу двете пријателски земји, за поттикнување на разни иницијативи за соработка и развој во сферите на спортот, културата, образованието и туризмот. Градоначалничката потсети и на долгогодишната соработка на градот Риека со градот Битола, со кој Риека во 2011 година потпишала договор за спогодба и соработка. Потенцирајќи го продлабочувањето на соработката, Ринчиќ нагласи дека Риека како важно бродско пристаниште и стопански центар на Северен Јадран, јасно гледа простор и можност за понатамошно поврзување со стопанството на Република Македонија, особено во областа на логистиката, иновациите, туризмот и образованието.

Ѓурчевски топло се заблагодари на срдечниот прием при првата службена посета на градот Риека и истакна дека соработката на локално ниво и поврзувањето на заедницата претставува важен темел за развојот на односите меѓу двете пријателски држави во иднина.

Во име на ЗМРХ, претседателот Илија Христодулов му се заблагодари на градот Риека за континуираната поддршка на работата на малцинските институции и организации. Ивона Дуноски ја најави прославата на 35-годишнината од постоењето на Друштвото, бројните активности, како и планираната Летна школа по македонски јазик, проект на ЗМРХ. Лидија Божиќ го најави учеството на десетина ученици од Риека на Летната школа во Берово, Македонија. Отец Дејан Белчовски на средбата ги изнесе активностите на Риечко-пулската парохија и богослужбите во нашите Црковни општини. За значењето и работата на Катедрата по македонистика и Лекторатот за македонски јазик говореше професор емеритус Горан Калоѓера.

## Авионско поврзување

Амбасадорот Ѓурчевски оствари средба и со жупанот на Приморско-горанската жупанија Ивица Лукановиќ. Се разговараше за јакнење на соработката на стопанско, културно и туристичко ниво, со нагласок за можност за авионско поврзување на двете земји преку директна чартер линија Охрид-Крк.

Делегацијата беше примена и од претседателката на Хрватската стопанска комора – Жупаниска комора Риека, Барбара Олениќ





Станичиќ со нејзините соработници. И на оваа средба осврт се даде на билатералната соработка меѓу двете земји во изминатиот период. Увозно-извозната политика помеѓу Македонија и Хрватска укажува на благ пораст во првите десет месеци од 2025 година, особено во областа на прехранбената и фармацевтската индустрија. Исто така, беше истакнато дека зголемување е забележано и во сегментот на туризмот, при што се евидентирани речиси 7000 доаѓања на туристи од Македонија. Ѓурчевски се осврна на извонредната билатерална соработка, заблагодарувајќи ѝ се на Републикa Хрватска за големата поддршка што ѝ ја пружа на Македонија на евроатлантскиот пат. Беше најавено и потпишувањето на спогодба за стратешко партнерство меѓу двете земји.




Христина Гроздановска

# Sanny Pearls – македонски бисери на Кварнер

*Младата авторка Кристина Колоска Шкварч имаше можност на 7 март во Риека, во организација на МКД „Илинден“, на изложба да ја претстави во јавноста својата линија на рачно изработен накит од нејзиниот бренд „Sanny Pearls“*

Накитот отсекогаш претставувал неизоставен дел од женската мода и елеганција. Верен придружник на секое модно издание, посебно ја нагласува убавината на секоја дама. Кога на сето тоа ќе се додаде и Меѓународниот ден на жената, доаѓаме до извонреден спој – изложба на накит на Кристина Колоска Шкварч во Риека под наслов „Sanny Pearls – македонски бисери на Кварнер“.

Така, младата авторка имаше можност да ја претстави на јавноста својата линија на рачно изработен накит од нејзиниот бренд „Sanny Pearls”.

Кристина по потекло е од Скопје, а денес е вработена во македонската амбасада во Загреб. Преку изработката на овој уникатен накит ја пренесува љубовта и нераскинливата врска со татковината. Секој дел е изработен со многу внимание и посветеност, така што Кристина остава личен печат врз секое парче од својот бренд.

## Охридски бисер

Посебен акцент на овие креации им дава и уникатноста на надалеку прочуениот охридски бисер, кој е неизоставен дел од секоја творба на Кристина. Накит со карактер и стил, едноставен и ненаметлив, наменет како за секојдневна употреба, така и за посебни пригоди, никого не остава рамнодушен.

Изложбата од продажен карактер беше извонредна можност мнозина да го одберат својот фаворит меѓу низата од обетки, ѓердани и белезици (нараквици).

Настанот го надополни и настапот на пејачката и инструменталната секција при МКД „Илинден“ задолжени како и секогаш за најубавата македонска песна и музика. За крај на овој незаборавен осмомартовски настан, следеше учеството на учениците по македонски јазик при ОУ„Центар“, кои беа задолжени за рецитација на песни посветени на жената.

Настанот се одржа под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Христина Гроздановска



# За борбата за еднаквост, правата и достоинството на жените

На 6 март оваа година МКД „Билјана“ од Задар го одбележа Денот на жената – 8 Март, со пригодна културна програма посветена на Клара Цеткин, борец за женски права и иницијатор за одбележување на Меѓународниот ден на жената.



За животот и делото на Клара Цеткин говореше Мирјана Мајиќ, водителка на литерарно-драмската секција „Записи со љубов“. Во своето излагање таа ги потсети присутните на значењето на борбата за еднаквост, правата и достоинството на жените низ историјата.

Во својот говор таа истакна дека и денес, во поедини организации, установи и трговски дејности, сè уште се кршат правата на жените. Посебно нагласи дека жените често се омаловажувани и дискриминирани, а за иста работа и со иста стручна подготовка добиваат помали примања од мажите.

Програмата продолжи со читање поезија посветена на жените, со пеење на македонски песни и со закуска што ја подготвија членовите



на кулинарската секција „Македонска трпеза“. На присутните жени им беа подарени црвени рози како симбол за 8 Март.

Настанот помина во пријатна и свечена атмосфера, со порака за почит, солидарност и поддршка на жената во современото општество. Покровител беше Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Антонела Галиќ

# Почитување на македонските обичаи и традиции

Во пресрет на најголемиот христијански празник – Велигден, на 10 април, во Македонско културно друштво „Билјана“ во Задар свечено и со многу радост беше одбележан овој голем верски празник.

Неколку дена пред Велигден, членовите на Друштвото организираа заедничко фарбање јајца, при што беа применети повеќе традиционални и креативни техники. Во пријатна и празнична атмосфера, дружењето беше исполнето со смеа, разговори и почитување на македонските обичаи и традиции.

Посебен придонес во создавањето на велигденската атмосфера дадоа членовите на етно работилницата „Ѓерѓеф“, кои со многу труд и љубов ја украсија просторијата со пригодни велигденски украси што самите ги изработија. Нивната креативност и посветеност придонесоа просторот да блесне во духот на празникот и да ја долови топлината на македонскиот велигденски дух.

Со ваквите активности, Друштвото продолжува да ги негува македонската традиција, култура и заедништво меѓу своите членови и пријатели.

Во програмата што следуваше се пееја песни и се читаше поезија посветена на Велигден. Настапија гостинот од Шибеник, поетот Синиша Костелац, а потоа и Анка Зекановиќ, а поезија читаа и членовите на литерарната секција „Записи со љубов“. Се пееја македонски песни во изведба на пејачката секција „Билјана“. За богатата трпеза се потрудија членовите на кулинарската секција „Македонска трпеза“. На крајот, сите заедно ја запејаа „Македонско девојче“ и заиграа оро. Настанот во јавноста го пренесе ТВ Диадора.

Антонела Галиќ



# Прослава на македонската култура

***Традиционалната „Македонска вечер“ се одржа на 14 март 2026 година во ресторанот „Корнер“ во Осиек, а беше организирана во рамките на „32. Денови на македонската култура“ под покровителство на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска***



За да биде сѐ во најдобар ред, во МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек се одржаа ред подготовки, меѓу кои и посебна работилница за изработка на традиционални слатки, тулумби и баклави, под водство на Марија Чинчурак, водителка на етно-кулинарската секција „Везилки“.

На самиот ден на настанот, на 14 април, сѐ беше како под конец. Но, имаше и зошто да се биде возбуден: програмата беше навистина богата. За музичкиот дел се погрижија два бенда, македонскиот „Балканика“ кој изведе бројни традиционални македонски песни со кои ги распеа и ги разигра присутните, и хрватскиот „Филири“ кој се погрижи настанот да добие и славонски „штих“.

## Добредојде

Но, вечерта немаше да биде тоа што е – прослава на македонската култура и нејзиното 32-годишно негување во Осиек – да не дојдоа и добрите гости. Настанот го отвори и на сите им посака топло добредојде Борис Трајановски, кој вечерта беше во тројна улога, во името на МКД „Браќа Миладиновци“ како домаќини, во името на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, како нејзин потпретседател и како претставник на МНМ за Град Осиек. По него се обратија Драгољуб Сиљаноски, претставник на МНМ за Осиечко-барањската жупанија, и д-р Драган Вулин, заменик градоначалник на Град Осиек, кој на Друштвото и на сите присутни членови им се заблагодари за „сесрдното, долгогодишно и успешно настојување да се негува македонската култура во Осиек, но и да се биде пример на соживот и соработка“.

## Конструктивен фактор

На завршетокот на официјалниот дел на присутните им се обрати и македонскиот амбасадор во РХ, Драган Ѓурчевски, кој им честиташе на членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ за настанот и ја истакна важноста да се продолжи со зачувувањето на традицијата и националниот идентитет на Македонците во Хрватска, но и да се биде конструктивен фактор во политичкиот и општествениот живот во целина.

За настанот да биде дополнително разигран, се погрижија гостите од ритам секцијата „РитмОс“ со своите „џембиња“, традиционални африкански тапани кои присутните имаа можност не само да ги слушнат, туку и да ги испробаат, а за да биде „најсладок“, се погрижија членките на етно-кулинарската секција „Везилки“ кои подготвија тепсии со тулумби и баклави како „гориво“ за забавата која траеше до ситните утрински часови.

Јулијана Тешија



# Велигден, едно македонско срце во два града

*Со будењето на пролетта во Осиек почнуваат подготовките за Велигден. И кога црквените календари не се совпаѓаат, овој празник се слави два пати. За МКД „Браќа Миладиновци“ тој е најголем празник на радоста и можноста заедно да се одбележи денот на Христовото воскресение*



Забрзани како пчелички беа сите. На 4 април 2026 година, во предвечерието на Велигден, секциите ги претставуваа македонските традиционални велигденски обичаи на главниот осиечки плоштад „Анте Старчевиќ“. Во организација на Градот и на Туристичката заедница на Осиек, бројни здруженија на националните малцинства имаа можност да ги прикажат велигденските обичаи на своите татковини и автентичните традиции кои ги негуваат далеку од домот. Меѓу преку шеесетината излагачи беше и МКД „Браќа Миладиновци“ кое се претстави со богата понуда на традиционални деликатеси со која ги разгали присутните. За гравчето, питите и слатките се погрижи етно-кулинарската секција „Везилки“, но и членовите на сите секции зедоа учество на овој настан, кој готвејќи, кој украсувајќи го штандот, ама и облечени во носии, претставувајќи ја Македонија на најубав начин.



## „Велигденска маса“

Само неколку дена потоа, на 9 април, детската секција „Бисерчиња“ заедно со водителката Свјетлана Павиќ во Друштвото имаа посебна работилница на која сликаа мотиви инспирирани од Велигден на проѕирни фолии за да бидат украси за велигденскиот штанд на Друштвото во Ѓаково. И пејачката „Вардарки“ и фолклорната „Танец“ заедно со инструменталистите од „Т‘га за југ“ вежбаа: имено, една недела подоцна сите секции настапија на шестата по ред манифестација „Велигденска маса“ во градот на бискупот Штросмаер и на браќата Миладиновци. А тој 11 април во Ѓаково беше навистина весело: во организација на КУД „Склад“ и во соработка со Град Ѓаково, на манифестацијата се претставија различни малцински друштва и КУД-ови кои ги негуваат културата и традициите „на своите стари“. МКД „Браќа Миладиновци“ се претстави со различни традиционални македонски јадења – тавче гравче, сармички, домашни погачи, во црвено бојосани јајца, ама и разни слатки. Штандот го украсија детските слики, ракотворбите и уметничките дела на членовите-аматери на ликовната секција, а во официјалниот дел од програмата настапија пејачката секција „Вардарки“, фолклорната секција „Танец“ и инструменталната „Т‘га за југ“. Друштвото беше особено впечатливо по тоа што неколку членови носеа традиционална облека – носија од битолскиот крај стара 100 години!

## Свечено расположение

Кулминацијата на радоста сепак беше дома. Кога сите се собраа во Друштвото, на 13 април, срцата пееја од радост поздравувајќи се со традиционалниот поздрав „Христос воскресе – вистина воскресе!“ Како во распеана кошница, членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ се чукаа со црвени јајца, за потоа пејачката секција „Вардарки“ да ги поведе во свечено расположение со песната „Молитва“. Се придружија најмладите „Бисерчиња“ кои рецитираа песнички за Велигден на македонски јазик, а на крајот сите сложно заиграа околу трпезата, предводени од игроорците на „Танец“.

Велигденските настани беа организирани во рамките на манифестацијата „32. Денови на македонската култура“ и со поддршка од Советот за националните малцинства на Р. Хрватска, а ги проследија и локалните медиуми.

Јулијана Тешија



# Вонредно собрание во МКД „Браќа Миладиновци“

Во МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек, на 24 април 2026 година се одржа Вонредно собрание на кое присуствуваа педесетина активни членови на Друштвото, а се разговараше околу тековните прашања и измени во Статутот и членството.

Собранието го водеше претседателот на МКД „Браќа Миладиновци“, Борис Трајановски, кој ги извести присутните околу точките на измени. Тој објасни дека станува збор за измени кои се нужни во Статутот на Друштвото, а кои беа едногласно прифатени од страна на Собранието. Околу измените во телата на Друштвото, Трајановски им се заблагодари на членовите кои дадоа оставка заради здравствени причини и беа разрешени од функциите.

„Иван Черба како потпретседател на Друштвото и Лозена Черба како членка на Управниот одбор нѐ напуштаат формално, но ние сме им благодарни за сите нивни напори, дружења и соработка во текот на минатите години“, рече Трајановски. Како нови, од страна на УО беа предложени Цветан Танасковски за потпретседател на Друштвото и Дорис Танасковска за членка на УО. Предлозите беа едногласно прифатени од страна на Собранието.



За секретарка на Друштвото беше избрана Свјетлана Павиќ. Со благодарност беше разрешена и досегашната водителка на ликовната секција, Ранка Мирковиќ, која исто така, даде оставка заради здравствени причини. На ова место беше предложен и прифатен Мишо Лекиќ.

На состанокот се разговараше и за теми како што беа потребата членовите поактивно да се вклучат во работата на секциите, околу начините како да се привлече поголем број млади, но и како да се привлечат Македонците кои живеат и работат во Осиек да станат членови на Друштвото. Драгољуб Сиљаноски, претставникот на МНМ за Осиечко-барањската жупанија им се заблагодари на сите за досегашните активности и конструктивните чекори за иднина и им посака напредок.

Јулијана Тешија



# Уметност искажана со љубов



Март во Осиек беше богат со уметност, а таа се искажуваше со љубов и со четка. Така, на 10 март во просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ се одржа работилница за сликање на стакло, каде членовите на Друштвото учеа како да сликаат цвеќе и да рециклираат стари шишиња, претворајќи ги во уметнички предмети. Работилницата ја водеше водителката на ликовната секција Ранка Мирковиќ.

Месецот заврши со организирање на 4. Ликовна колонија „Уметноста како љубов“ што се одржа во просториите на Месниот одбор „Тврѓа“, а ја организираа МКД „Браќа Миладиновци“ и ликовната работилница „Петар Добровиќ“ од Дарда, заедно со членовите на ликовната секција на Унгарската демократска заедница од Бели Манастир, кои дојдоа за прв пат, ама се чувствуваа „како дома“. А за тоа чувство се погрижија членките на етно-кулинарската секција „Везилки“ кои гостите ги дочекаа со прекрасен ручек. Делата кои настанаа како резултат на колонијата беа изложени во Друштвото.

Настаните се одржаа под покровителство на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска.

J. Т.



# Жената низ вековите

*Во „Деновите на македонската култура" Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј" од Пула на 6 март го прослави Меѓународниот ден на жената*

Програмата под наслов „Жената низ вековите" беше одржана во просториите на Друштвото, а присутните ги поздрави претседателката Милена Златеска со една своја песна посветена на жената. Таа им се заблагодари на Советот за националните малцинства на РХ, Истарската жупанија и Град Пула за нивната потпора за одржување на програмите.

За жената низ вековите зборуваше Емануелита Латин, која говореше за македонската и хрватската жена низ вековите, нивната борба за своите права, како и за истакнати жени низ минатото кои имаат придонесено за своите генерации, но и за иднината на нивните деца. Се наврати на корените на Денот на жената на почетокот на 20. век, но истакна и дека борбата на жената сѐ уште не е завршена. Денешната жена се бори за еднакви плати и прилики со мажите, против насилството над жената, застапеноста на жената во политиката и научната работа, а и право на образование и слобода на избор.

Хорот и оркестарот на Друштвото како и секогаш со македонски песни ги развеселија присутните под водство на Зоран Гардашевиќ.

## „Географија на слободата"

Меѓу членовите на Друштвото и нивните пријатели, беа присутни и доста претставници на националните малцинства во Пула. Програмата беше збогатена со промоција на збирката поезија „Географија на слободата" од авторка Наташа Сарџоска. Милена Златеска како промотор на оваа збирка, ја претстави авторката и посочи дека Сарџоска е истакната македонска поетеса, писателка, есеист, книжевен преведувач и толкувач, и зборува 7 светски јазика.

За животот и делото на Наташа Сарџоска зборуваше Славица Лончариќ Ѓугум, која прочита и неколку нејзини песни. Таа рече дека има објавено неколку книги на поезија, некои и во САД, Мексико, Италија и Косово. Три пати е номинирана за Националната награда за најдобра книга поезија на Меѓународниот фестивал на поезија „Браќа Миладиновци" во Струга. Има добиено многу светски и домашни награди, за што веќе е пишувано во претходните броеви на „Македонски глас".

За жената сопруга, мајка, баба, а и жена столб на еден живот, на еден пат на борба, поезија читаа членовите на литерарната секција, а и други поети и поетеси, книжевници од Истарската жупанија, меѓу кои беа и афоризмите што ги читаше Бранка Рожман. На крајот, на присутните жени им беа подарени рози како симбол на почитување и љубов кон жената, со желба за остварување на сите нејзини права. Настанот заврши со македонска и истарска музика и богата трпеза со македонска и истарска традиционална храна.

Михаела Златеска





# Точно напладне

## *Промоција на четири книги под наслов „Песна низ вековите“ на Милена Златеска*




Во организација на „Културен круг“ од Пула и „КУЛТура сНОВА“ од Загреб на 21 март во програмата „Точно напладне“, на Пулските книжевни средби, гостинка беше Милена Златеска, поетеса од Пула.

- По повод Светскиот ден на поезијата, денеска сме тука за да го одбележиме со посебни стихови и песни, рече и ги поздрави присутните претседателката на „Културен круг“ од Пула, Славица Лончариќ Ѓугум.

Во претставувањето на гостинката, Ѓугум рече дека Златеска, покрај што е претседателка на МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, таа е и член на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, член на Редакцискиот одбор на „Македонски глас“, член на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула и секретарка во Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула, како и член на повеќе книжевни друштва. Учесник е на повеќе програми низ годината и конкурси за поезија, добитник на бројни признанија, а песните ѝ се преведени на повеќе светски јазици.

## Промоција на македонскиот јазик и песна

- Денеска покрај нејзината промоција на петте двојазични збирки на поезија, ќе слушнеме и неколку македонски народни песни кои Милена ги има собирано во текот на својот живот, додаде Ѓугум.

Златеска ги поздрави присутните и рече дека на настанот се промовира македонскиот јазик, македонската песна, што всушност била и нејзината цел кога почнала да ги објавува своите песни.

Што се однесува до збирката на македонски народни песни од 1800 страници, цел е да не се заборават македонските народни песни и затоа тие се издадени во четири книги под наслов „Песна низ вековите“.



Златеска прочита неколку македонски народни песни и неколку песни од своите збирки на поезија, од што присутните беа воодушевени. Програмата продолжи со читање на поезија од присутните поети и поетеси: Милан Пачиќ, Емина Бакал, Миљенко Бачац, Бранка Гракалиќ, Грацијела Путина и водителката Славица Лончариќ Ѓугум, со што и заврши овој настан.

Михаела Златеска



# Велигденска работилница што разбуди убави спомени

Во просториите на МКД „Македонија“ во Сплит на 31 март 2026 година се одржа велигденска креативна работилница за членовите на Друштвото. Во весела и топла атмосфера, членовите со радост учествуваа во украсување и изработка на велигденски јајца и други празнични украси.

Додека твореа со хартија, бои и различни материјали, многумина со насмевка се присетија на детските денови и на времињата кога со своите семејства ги подготвувале велигденските украси. Работилницата кај присутните разбуди убави спомени и за миг ги врати во младоста, потсетувајќи ги на радоста и едноставноста со кои како деца го дочекувале Велигден.

Токму преку ваквите заеднички активности се негуваат традицијата, дружењето и чувството на заедништво меѓу членовите на Друштвото.

Насмевките, разговорите и креативноста ја одбележаа оваа средба која на сите им донесе убаво расположение и празничен дух. Работилницата беше одржана под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

М. Ж.



# Силата во боите на лушпата

Велигденските празници започнаа во среда пред Велигден на 1 април во просториите на Црногорското национално малцинство во Пула. Трета година по ред Данило Вујисиќ организира изложба на велигденски јајца. Годинава беа изложени јајца што ги подготвија Црногорци, Македонци, Хрвати, Словенци, Италијанци и Албанци со католичка вероисповед. Оваа година изложбата беше повторена, но со друга идеја: секое малцинство имаше по три јајца во бела боја кои требаше да ги обои во своја знаменитост.

Членовите на ликовната, етно-креативната и литерарната секција на МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“, меѓу кои водителките Славица Лончариќ Ѓугум, Бранка Рожман и Милена Златеска, се потрудија да ги направат во духот на македонската култура, па го насликаа манастирот „Св. Јован Канео“, потоа вез на македонската народна носија и македонско знаме.

М. З.



# Велигден во Водњан

Изложбата на велигденските јајца од црногорското национално малцинство продолжи кај српското национално малцинство во Водњан на 4 април во Домот на младите, со програма на традиционална средба на националните малцинства по повод Велигден. Беа присутни Црногорци, Срби, Македонци, Италијанци и други. Учествуваше и МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула со хорот под водство на Зоран Гардашевиќ, оркестарот со Дамир Костешиќ на хармоника, Милан Остоиќ на виолина, Игор Птичек, Франко Бателиќ и Зоран Гардашевиќ на гитара и Жељко Бабиќ на тапан, како и фолклорот со водителката Драгица Мартиновиќ.

На изложбата беа претставени насликани велигденски јајца, рачни изработки и посебни украсни предмети, како и традиционални јадења.

М. З.





НАСТАНИ

# Обичаи и традиција за Велигден

*Велигденските празници завршија на 13 април со програма во просториите на МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула*



Претседателката на Друштвото, Милена Златеска ги поздрави присутните, меѓу кои беа и Теа Бател, началничка на Управното одделение на италијанската национална автохтона заедница, националните малцинства и младите на Истарската жупанија, заменикот на градоначалникот на Град Пула, Вито Паулетиќ, Паола Орлиќ, началничка на Управното одделение за култура и цивилно друштво во Град Пула, претставници на националните малцинства, членови на Друштвото и гости.

Златеска рече дека сплотеноста на сите заедно, не само на припадниците на македонските асоцијации, туку и на сите национални малцинства во Истра, овие денови покажа не само заедништво и мултикултура, туку и повеќе од тоа – на едно место во Истра во повеќе организации беа презентирани културата, традицијата, обичаите, јазикот, песната и орото на повеќе народи. Се претстави нивната сличност и разлики, но и единственоста во љубовта и сплотеноста да можат сите заедно да го покажат единството.

## Богата програма

Таа нагласи дека ништо од ова не би можеле да презентираат доколку немаат поддршка од Советот за националните малцинства на РХ, Истарската жупанија и Град Пула. Присутните ги поздрави заменикот на градоначалникот на Град Пула, Вито Паулетиќ, а кон честитките за Велигден се придружија и Теа Бател и Паола Орлиќ.

За македонските обичаи и традиција за Велигден зборуваше Милена Златеска, која посебно се задржа и на Поклади и Цветници, а за истарските обичаи и традиција за Велигден зборуваше Теодора Витасовиќ, која рече дека има доста сличности, само што календарски Велигден не е во ист ден.

Потоа Златеска посебно ја претстави изложбата на вапсани јајца и на македонските традиционални јадења и упати посебна благодарност до Данило Вујисиќ, член на Советот на црногорското национално малцинство за Град Пула и му врачи благодарница за долгогодишната соработка, креацијата и идејата за одржувањето на заедничка изложба на велигденски јајца.



Гости на вечерта беа членовите на хорот „Златне године“ на Друштвото на пензионерите од Пула.



Настапија и хорот и оркестарот на МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ со неколку македонски песни. Прославата заврши со македонска, истарска и песна на сите малцинства, и со богата трпеза.

Михаела Златеска

## Света литургија

Оваа година по прв пат во сабота на полноќ беше одржана Светата литургија, предводена од отец Дејан Белчовски, во Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“, каде што беа присутни бројни верници од Пула и од Истарската жупанија. Христос воскресе, навистина воскресе!

М. З.



# Пула ги воодушевува македонските млади парови

*Неодамна во Истра дојде младиот пар Смилески, Ивона и Менде, со синот Виктор од Битола. Виктор веќе се издвојува по своите таленти и на меѓународен пливачки натпревар го освои првото место. Тоа е поводот за разговорот со неговата мајка Ивона*



Сè повеќе Македонци доаѓаат на привремена или на постојана работа во Истра, со различни занимања, а и годините не се важни за поубав живот. Во Истарската жупанија има една поговорка, дека кој еднаш дошол тука и ја видел оваа жупанија, повеќе не се враќа дома. Оваа поговорка изгледа дека важи и за повеќе Македонци, меѓу кои доста млади парови.

## Од Битола во Пула

Неодамна во Истра дојде младиот пар Смилески, Ивона и Менде, со синот Виктор од Битола. Зошто баш Пула и како патот ги доведе токму тука? Ивона вели дека прво дошле како туристи и со првото доаѓање Пула ги воодушевила со својата природна убавина, мирот што тука го има и со начинот на живеење. Така, одлучиле својот животен пат да го градат токму во Пула. Ивона вели дека овој живот не би го менувале за никој друг. Ивона е козметичарка, а сопругот Менде е фотограф и камерман. И двајцата работат во својата струка и се успешни во својата работа.

Ивона вели дека е голема среќа да се работи во струката што им овозможува стабилност и задоволство во секојдневието. Нивниот син Виктор има десет години. Пред две години, како што се сеќаваат повеќето членови на МКД „Св. Кирил и Методиј“, за прославата на Божиќ во просториите на Друштвото дотрча едно момче и одма го зеде тапанот. Тогаш претседателката Милена Златеска беше воодушевена бидејќи секој нов член е богатство за сите и ги зголемува задоволството и веселбата во Друштвото. И денеска, таа вели дека се присетува на тој момент кога сите го запаметиле малиот Виктор бидејќи тапанот му бил омилен и тропал на него цела вечер, додека членовите на Друштвото играле.

- Наредната година Виктор ја кршеше и погачата со париче, со својот дедо и со мајка му. Така го запознавме овој млад пар и остави пријатен впечаток кај сите членови на Друштвото, вели Милена.





## Злато за пливање

Но, сега пред некој ден, вели Златеска, видела на Фејсбук дека 10-годишниот Виктор го освоил првото место во пливање. Тоа е поводот за разговорот со неговата мајка за овој текст.

- Среќни сме сите кога токму во Пула имаме вакви таленти, навистина сме горди со нашите деца Македончиња, а неговата мајка едноставно рече дека се изненадени и тие, вели Златеска.

Но Виктор не само што е успешен во пливање, тој го посетува и Музичкото училиште во Пула.

- Виктор активно се занимава со пливање и тоа е спорт кој го сакал уште од најмали нозе. За жал, во Македонија немавме можност да го запишеме во соодветен клуб, но тука во Пула му се отвори таа можност и можеме да кажеме дека одлично напредува. Неговото прво место беше навистина прекрасно из-



за сега, се презадоволни од животот во Пула и планираат да живеат тука.

За првото место на Виктор Смилески на меѓународен пливачки натпревар што се одржа во Пула веќе знаат и во Битола благодарение на веста што ја пренесоа медиумите. Во Македонија беше пофален и клубот во Пула кој младиот битолчанец го поддржува во неговиот талент: „Успехот на младиот пливач е резултат и на поддршката од неговиот пливачки клуб каде што секојдневно тренира и ги усовршува своите способности. Токму ваква комбинација на труд, дисциплина и тимска поддршка создава шампиони уште од најрана возраст.“

ненадување за нас и момент на голема гордост. Во музичкото училиште Виктор свири саксофон и за тоа покажува голем талент и посветеност, вели Ивона.

### Труд, дисциплина и тимска поддршка

Горди родители на едно вредно дете на кое и ние му посакуваме уште поголем успех. Овој млад пар,

- На Виктор му посакуваме уште поголеми успеси на секое поле и секоја желба да му се исполни, а на родителите убав живот во Пула, упатуваат членовите на „Св. Кирил и Методиј“. Се гордееме со успехот на секој Македонец, а посебно сме горди на вакви млади деца со големи таленти, вели претседателката на Друштвото, Милена Златеска.

Михаела Златеска



# Ноќ на книгата

Ноќ на книгата е манифестација што се организира низ цела Хрватска секоја година, а во настанот со своја програма се вклучи и МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Пула. Организацијата е по повод Светскиот ден на поезијата, авторските права и Денот на хрватската книга, на 23 април. Оваа година се одбележуваат 15 години на редовно одржување на програми. Има податоци дека денес се организираат и повеќе од 600 програми и е една од најмасовните манифестации во Хрватска.

Во Друштвото „Св. Кирил и Методиј“ беше одржана изложба на книги на македонски автори кои пишуваат во Република Хрватска, кои се издадени преку Заедницата на Македонците во Република Хрватска, финансирани од страна на Советот за националните малцинства на РХ. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска, ги поздрави присутните и зборуваше за изложените книги и нивните автори. Таа рече дека тоа се автори кои пишуваат во предизвикувачки времиња. Пред сè, цел е преку читање на нивните стихови да се презентира македонскиот јазик.





Беа читани песни од авторите Елизабета Петровска, Мирјана Мајиќ, Анка Рбузин, Ивона Дуноски, покојниот Ратко Димоски, а беше спомнат и традиционалниот готвач на Марија Чинчурак и други книги. Поезија читаа Габриела Давидовска Баниќ, Радојка Крамар, Луција Шкалиц, Милена Златеска и други присутни поети и членови на литерарната секција при Друштвото.

М. З.

# Силен фокус на емоционална длабочина

*На 16 април 2026 година во просториите на Доминиканската црква во Сплит се одржа промоција на книгата „Проникнување на тишината“ од Љерка Тот Наумова*

Љерка Тот Наумова е авторка со хрватско потекло, која во своето творештво ги спојува културните и јазичните искуства на хрватската и македонската средина. Живее во Скопје, каде што е активна во културниот и книжевниот живот.

Нејзината работа е обележана со интерес за внатрешниот свет на човекот, тишината како симбол, како и теми поврзани со духовноста, меморијата и личната чувствителност. Во нејзиното книжевно изразување се препознава поетски и медитативен стил, со силен фокус на емоционалната длабочина и симболиката на секојдневието.

Делото „Проникнување на тишината“ претставува значаен дел од нејзиното творештво и е пример за нејзиниот препознатлив лирски и интроспективен пристап. Покрај книжевната работа, таа е активна и во културни настани и промоции, каде придонесува за поврзување на културните сцени меѓу Хрватска и Македонија.

## Уметничка и емотивна сила

Во Сплит оваа промоција беше организирана од страна на издавачката куќа „Бошковиќ“, а МКД „Македонија“ се вклопи како соорганизатор.

Промоцијата се одвиваше во свечена и инспиративна атмосфера со присуство на љубители на литературата и културната јавност. За делото говореа Ѓуро Видмаровиќ и Ненад Мемет – претседател на Здружението на Хрватите во Македонија (ЗХРМ), кои дадоа значаен осврт кон книжевната вредност и поетиката на збирката, истакнувајќи ја нејзината уметничка и емотивна сила.



Избрани текстови од книгата на впечатлив начин интерпретираа членовите на Друштвото, Ленче Лазаревиќ и Велинка Галиќ, дополнително нагласувајќи ја лирската димензија на делото. Модератор на настанот беше Зоран Бошковиќ кој со своето професионално водење придонесе за успешна и содржајна промоција.

Уметничка посебност на вечерта даде настапот на хорот „Македонија“ кој со своите изведби внесе свеченост и силен емоционален впечаток.

Настанот помина во дух на културна размена, уметност и зближување на македонската и хрватската културна сцена, оставајќи значаен впечаток кај присутната публика.

Марта Жаја

---

# Влатко Стефановски добитник на наградата „Порин“



Престижната награда „Порин за посебен придонес во хрватската музика“ („Porin Special Merit Award“), оваа година му припадна на познатиот македонски виртуоз на гитара и композитор со меѓународна кариера, и еден од најважните музички уметници во овој регион, Влатко Стефановски.

Наградата му беше врачена на 33. издание на „Порин“, што се одржа на 27 март во салата „Грипе“ во Сплит. Со ова признание се вреднува исклучителниот уметнички опус на Стефановски, кој со децении ја обликува регионалната музичка сцена, вклучително и хрватскиот културен простор.

Е. П.

# Македонска култура во Шенковец

Во организација на Хрватско-македонското друштво од Загреб и на претставничката на македонското национално малцинство во Загрепската жупанија, Лена Ѓапиќ, на 14 март 2026 година во Општото народно училиште во Шенковец се одржа настан со назив „Жена рај – жена пекол“. Настанот беше овозможен од Загрепската жупанија и од Здружението „Иван Перковац“ за зачувување на кајкавската икавица и промовирање на родното културно наследство.

Програмата беше посветена на Денот на жената, а за улогата на жената во македонската народна песна говореа претставничката Лена Ѓапиќ, претседателката на ХМД, Јудита Реј Худечек и претседателката на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Ивана Брезовец. Во музичкиот дел од програмата настапи женскиот вокален етно состав „Езерки“.

Е. П



******************************

# „Проникнување на тишината“

На 15 април 2026 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб се одржа промоција на стихозбирката „Проникнување на тишината“ („Pronicanje tišine“) на македонско-хрватската поетеса Љерка Тот Наумова. Тот Наумова е родена во Дарувар, а живее во Скопје.

Промоцијата ја најави Мими Ѓоргоска Илиевска, директорка на македонскиот КИЦ, која истакна дека преку ваквите настани и проекти КИЦ продолжува активно да ја унапредува меѓусебната соработка и да ги промовира културните вредности на двете земји. Свое обраќање на промоцијата пред бројната публика имаше и македонскиот амбасадор во Хрватска, Драган Ѓурчевски, како и Ненад Немет, претседател на огранокот на Заедницата на Хрватите во Македонија – Скопје.

Промотори на книгата беа рецензентите Ѓуро Видмаровиќ и Дрина Ќавар Брајковиќ, а промоцијата ја водеше Љерка Галиц. „Проникнување на тишината“ е стихозбирка пишувана на хрватски јазик и се состои од три циклуса.

„Во оваа книга го гледаме богатството на истражувањето на Љерка на нејзиниот мајчин јазик, како рудар кој пронашол златна жила или рудник на скапоцени камења“, вели Ѓуро Видмаровиќ.

Стихови читаа Вида Тунгуз на хрватски и Елизабета Петровска на македонски јазик, и авторката, која на крајот изрази благодарност до присутните и до сите оние што се заслужни за печатењето на книгата.

Е. П.



******************************

# „Дијалог преку бојата“

Македонскиот Културно-информативен центар во Загреб е организатор на групната изложба „Дијалог преку бојата“, која беше отворена на 22 април 2026 година. Изложбата обедини осум современи уметници од Македонија и од Хрватска во заеднички уметнички проект. Македонските автори Сергеј Андреевски, Решат Ахмети, Тања Балаќ и Башким Меџити, носат ликовно богатство, од апстрактни форми до портрети на секојдневниот живот, одразувајќи длабоки традиции и модерни промени. Од друга страна, хрватските уметници Томислав Бунтак, Федор Фишер, Данко Фришчиќ и Матко Векиќ се истакнуваат преку разновидни стилови, од пејзажи и фигуративни композиции до експериментални техники, инспирирани од медитеранското светло и урбаните прикази.

Пред бројните присутни на отворањето на изложбата, директорката на македонскиот КИЦ, Мими Ѓоргоска Илиевска, нагласи дека „проектот ја истакнува важноста на заедничкото претставување како креативен чин со кој ќе се продлабочи соработката меѓу македонските и хрватските уметници и ќе поттикне нови проекти преку кои ќе се претстават културните вредности на двете земји“.

Изложбата беше поддржана од македонското Министерството за култура и туризам.

Е. П.





КУЛТУРА

# Јазикот во стихот и песната

Секциите на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула имаат чест да го презентираат не само Друштвото, туку и културата, јазикот, традицијата и македонската вредност насекаде каде што можат да дејствуваат. Така членовите и водителката на литерарната секција, Милена Златеска, Дрштвото го претставија со учество во две програми: „Точно на пладне“ во организација на „Културни круг“ од Пула и „КУЛТура сНОВА“ од Загреб.

Програмите беа одржани на 24 јануари и 21 февруари во кафе барот „Ресистанце“ во Пула. Златеска и овој пат го презентираше својот мајчин македонски јазик.

Хорот и оркестарот на Друштвото со водителот Зоран Гардашевиќ, со неколку песни се претставија во програмата што ја организираше Друштвото на пензионерите на Град Пула, поточно нивниот хор „Златне године“ во Ќирколо, Пула. Значењето на настанот го зголеми присуството на истарскиот жупан, Борис Милетиќ, кој ги поздрави присутните и им ја честита дваесеттата годишнина на хорот и на Друштвото. Овие два хора имаа целовечерен концерт во кои уживаа присутните. Вечерта заврши со богата трпеза, песна и убава забава.

М. З.



# Стихови и рози за 8 Март

По повод Меѓународниот ден на жената, на 6 март Друштвото на личностите со телесен инвалидитет на Јужна Истра во Центарот на КрлоРојц одржа дружење за нивните членови и гости. На почетокот на присутните им се обрати претседателката на Друштвото, Биљана Балде, која истакна дека на овој ден се оддава важност на жената, на нејзината снага, храброст и опстојување во секојдневниот живот.

Во културниот дел на програмата Милена Златеска, претседателка на МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула и водителка на литерарната секција на Друштвото читаше своја поезија, како и Славица Лончариќ Ѓугум, членка на Друштвото. Мелиса Османовиќ ја претстави својата книга „Тло под ногама“. Посебен дел на дружењето беше дарувањето рози на присутните во знак на честитка за Меѓународниот ден на жената.

М. З.



# Риечки книжевни утра



На „Риечките книжевни утра“ на 28 март со своја поезија и изложба настапија членовите на литерарната секција на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, водителката Милена Златеска и Радојка Крамар. Настанот што го организираше Валерио Орлиќ беше посветен на Радојка Крамар. Таа не само што пишува поезија, туку се занимава и со сликарство и вајарство.

Меѓу стиховите беа презентирани и изработените вази, чинии, шолји за кафе и за чај и уникатни столни лампи. Крамар рече дека нејзините изработени предмети се наоѓаат во неколку галерии низ Хрватска, а други, пак, ги красат домовите на нејзините пријатели. За вајарство може многу да се зборува, но пред сè уметникот треба да има не само талент, туку и посебна рака за изработка, како и имагинација.

Милена Златеска се престави со својата поезија, како и другите присутни поети.

М. З.

# Кога пролетта значи мартинки, кога пролетта значи жена

Во МКД „Браќа Миладиновци“ дочекот на пролетта секој пат започнува со традиционалната изработка на црвено-белите мартинки, годинава на 2 март, а продолжи со одбележувањето на „Денот на жената“ на 8 март.

„Секоја година околу почетокот на март се собираме и правиме мартинки. Тие малечки симболи на радоста, пролетта, новиот живот и здравјето, изработени од волница, ни останале како спомен од нашите мајки и баби, а ние им го пренесуваме на помладите“, рече Марија Чинчурак, водителката на етно-кулинарската секција „Вардарки“. Членките на оваа секција ги подготвија шарените украси неколку дена претходно на работилницата за изработка на волнените украси што се одржа во Друштвото. Но, дарувањето се случи на 2 март кога во Друштвото дојдоа и посебни гости: локалната „Славонска телевизија“ и весникот „Глас Славоније“ кои ги снимаа македонските обичаи. И децата, и големите се украсија со мартинки, и сите заедно пееја традиционални македонски песни.

Но, пролетта во Осиек значи и – жена. Во март во Друштвото се одбележа и „Денот на жената – 8 Март“. За оваа пригода децата членови на секцијата „Бисерчиња“ рецитираа песнички посветени на жената и на мајката, а Маја Јовановски, наставничка по македонски јазик, одржа кусо предавање за значењето на овој ден на македонски јазик. Сите жени добија цвеќе како подарок и големо „благодарам“ не само заради овој историски важен ден, туку заради сиот нивен придонес кон Друштвото во текот на целата година.

Настаните беа организирани во рамките на „32. Денови на македонската култура“ во Осиек, со поддршка на Советот за националните малцинства на Р. Хрватска.

J. Т.



*Фото: Гојко Митиќ*

# Чувајќи ја традицијата на мартинките

*„Баба Марта радост носи, мартинки ни плете в коси, пролет иде, ќе се смееме, со мартинки ќе се китиме...“*

Секоја година, на почетокот на март, народот го одбележува празникот Баба Марта, кога мартинките се разменуваат меѓу најблиските со желби за среќа, љубов и бериќет.

По тој повод, МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 3 март 2026 година организираше креативна работилница за изработка на мартинки. Членките на етно работилницата „Разбој“, заедно со водителката Виолета Штерјова весело го прославија овој древен обичај во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Масата се исполни со разновидни материјали каде доминираа црвената и белата волница. Црвената боја ја претставува љубовта, животната сила и радоста, а белата чистотата, светлината и новиот почеток. Низ забава и смеа, членките вешто создаваа различни форми на мартинки – белегзии, брошови и украсни фигури. Мартинките секогаш будат спомени од детството и од првите подарени нишки што се носеле со гордост на раката или на облеката.

Работилницата имаше и едукативен карактер. Се раскажуваа приказни за потеклото на обичајот, се споделуваа лични искуства и се учеа нови техники на изработка. Секоја направена мартинка симболично го најавуваше доаѓањето на пролетта, со порака за блискост и за убавината на заедничките мигови. Присутните со радост сведочеа дека преку вакви активности се зачувува духот на македонската традиција и се пренесува на помладите генерации.

Е. П.



# Концерт за паметење –„Мојата Македонија“

*Постојат концерти. И постојат вечери што се паметат цел живот. Оваа година, Давид Темелков ја започна својата нова концертна приказна токму од Скопје – својот роден град, местото од каде што сè започна*

Со солистички концерт во Македонскиот народен театар, Давид Темелков на најдостоинствен начин ја заокружува десетгодишната музичка кариера и отвора ново поглавје пред својата публика.

Македонскиот народен театар во Скопје на 19 март 2026 година беше исполнет до последното место, а македонската публика концертот на Давид Темелков го опиша со зборовите – спектакл, магија и емоција.

Концертот е насловен „Мојата Македонија“ – песна што прерасна во емотивна химна и силен симбол на поврзаноста со идентитетот, корените и народот. Токму таа песна, заедно со композициите од актуелниот албум „Слушај животот штом диктира“, ја гради срцевината на вечерта што не е само музички настан, туку лична исповед, благодарност и прослава на патот што започнал токму тука.

Двочасовниот солистички концерт започна со магичен вовед со песната „Слушај животот штом диктира“, посветена на жртвите од пожарот во Кочани, по што следеше минута молк во знак на почит.

## Хитови

Се редеа хитовите, негови, наши, забавни, народни, светски, безвременски!

Посебна атмосфера донесоа македонските народни песни и настапот на Културно-уметничкото друштво „Јонче Христовски“, додека сцената за време на „Седам ноќи, седам дана“ го оживеа духот на скопските кафеани.

Финалето со „Мојата Македонија“ ја крена целата сала на нозе, а публиката со овации и аплауз не дозволи концертот да заврши без бис.

„Оваа вечер засекогаш ќе ја носам во срцето. Ви благодарам за љубовта и поддршката! Македонијо, ти благодарам“, порача Давид.

Многумина од публиката порачаа дека вакви моменти не се само концерт, туку вредност и потсетник на богатството кое Македонија го има во своите уметници.

## Културен амбасадор

Давид Темелков не е само поп-пејач. Неговиот тенорски вокал – препознатлив, моќен и длабоко емотивен. Без разлика дали станува збор за негови авторски песни или за стари македонски народни напеви, во неговата интерпретација традицијата не останува во минатото – таа живее, дише и му зборува на современиот човек, чувајќи го македонското музичко и културно наследство. Затоа ова не беше обичен концерт. Ова беше вечер во која се спојуваат минатото, сегашноста и иднината. Вечер во која емоцијата не се глуми – туку се споделува. Вечер во која музиката не се слуша – туку се чувствува.

За Давид, ова е исклучително интимен и емотивен момент – почеток на нов циклус токму пред своите луѓе, на сцената каде што симболично започнува секој следен чекор. За публиката – ретка можност да е сведок на круната на една десетгодишна приказна, раскажана со глас што не остава никого рамнодушен.

М. Г.



# Стихови што патуваат – македонска поезија во срцето на Загреб



*„Ноќта на книгата“ секоја година ја потсетува јавноста дека читањето книги не е навика, туку чин на поврзување со себе, со другите и со светот*

Овогодишната манифестација „Ноќ на книгата“ во Загреб донесе уште една вечер што долго ќе одекнува во срцата на љубителите на пишаниот збор. На 23 април во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска се одржа книжевна средба во организација на ЗМРХ и на Македонското културно друштво „Охридски бисер“ од Загреб, која ја славеше моќта на македонскиот јазик, поезијата и книжевноста.

Во рамките на глобалната манифестација „Ноќ на книгата“, која низ Хрватска веќе 15 години традиционално ги обединува читателите, авторите и културните работници во чест на „Меѓународниот ден на книгата и авторските права“ и „Денот на хрватската книга“, оваа македонска вечер понуди интимен, но богат културен простор. Настанот беше посветен на дружење со македонската поезија – тивко, но моќно патување низ стиховите што ја носат меморијата, припадноста и емоционалниот код на еден народ.

## Заедничка порака

Членовите на литерарната секција и работилницата по македонски јазик за возрасни при Друштвото со особена посветеност рецитираа поезија. Секој стих беше изговорен со чувство, со значење. Присутните имаа можност да слушнат различни гласови, но една заедничка порака – љубовта кон македонскиот јазик и желбата тој да се негува и живее.

Во пријатната атмосфера исполнета со стихови и разговори, зборовите на присутните се претвораа во трајни спомени, како потсетник дека јазикот и книжевноста се дом што го носиме со себе. Вечерта беше дополнета и со претставување на книги печатени од ЗМРХ, изданија кои сведочат за континуирана културна активност и грижа за пишаното наследство, како и на списанието „Македонски глас“.

„Ноќта на книгата“ секоја година ја потсетува јавноста дека читањето книги не е навика, туку чин на поврзување со себе, со другите и со светот. Во таа смисла, македонската книжевна вечер во Загреб беше мал, но значаен придонес кон оваа поширока културна слика.

Елизабета Петровска

# Шеста зимска школа на МСМЈЛК при УКИМ

Во периодот од 26 до 31 јануари 2026 година се одржа Шестата зимска школа на далечина, на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На школата учествуваа 69 македонисти од 19 земји од светот: Австралија, Албанија, Англија, Аргентина, Бугарија, Германија, Грција, Народна Република Кина, Полска, Романија, Руска Федерација, САД, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Франција и Хрватска. Зимските школи на МСМЈЛК при УКИМ претставуваат континуитет на летните школи во Охрид и суштински процес на раст и развој на македонистиката.

На свеченото отворање поздравно обраќање имаше македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова, која во својство на покровител ја прогласи школата за отворена, а на македонистите им се обрати и директорката на МСМЈЛК при УКИМ, проф. д-р Кристина Николовска.

Наставата се одвиваше во две секции на три рамништа – македонски јазик почетно, средно и напредно, и македонска литература и култура со преведувачка работилница и лекторски вежби.

Е. П.





# Велигден во Хрватска

*Во црковните општини во Република Хрватска во Загреб, Сплит, Риека и Пула торжествено и масовно беше прославено Христовото воскресение – Велигден*

На Велигденската богослужба, во дух на радост, заедништво и надеж, во Загреб присуствуваа бројни почитувани гости и пријатели. Меѓу нив беа македонскиот амбасадор Драган Ѓурчевски, собранискиот застапник, Армин Хоџиќ, кој со љубов подели пакетчиња на сите дечиња, како и Мими Ѓоргоска Илиевска, директорка на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб. Во името на Загрепскиот надбискуп присуствуваше монс. Златко Корен, пренесувајќи искрени братски поздрави од монс. Дражен Кутлеша. Беа присутни и претставничката на Македонците во Советот за националните малцинства на РХ, Зорица Велиновска, заедно со претседателот на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска“, Невен Сукаровски и членовите на управата, Ермина Лекај Прљаскај, поранешна собраниска застапничка, како и Жаклина Пешевска, пратеничка во македонското Собрание.

Во Сплит, пак, во истата празнична светлина, присуствуваа дон Едвард Пунда во името на Сплитско-макарскиот надбискуп, претседателот на МПЦО, Деан Карапеев, претседателката на МКД „Македонија“, Марта Жаја, претставничката на МНМ за Град Сплит, Венка Џанко и жупанискиот претставник на Македонците, Перо Груевски.

На богослужбите беше прочитано Пасхалното послание од архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан заедно со членовите на Светиот архиерејски синод на МПЦ-ОА. Во посланието по повод Велигденските празници испратени се желби за мир и благослов од Бога за свештенослужителите, монаштвото и до сите чеда на Македонската православна црква со величествениот поздрав – Христос воскресе!

## Смислата на нашата вера

„Еве, и оваа година милостивиот Бог нè удостои да го дочекаме Празникот над празниците – Велигден! Исполнети со веселие, коешто извира од сè-радосниот восклик „Христос воскресе!“, ја исповедаме целата суштина и смислата на нашата вера која, како што вели апостолот, ќе беше празна ако Христос не воскреснеше“, е наведено во Посланието, кое понатаму го пренесуваме во целост:

„По тагата од Неговите страдања на Голгота, еве, ја примаме спасителната благодат од Неговото воскресение и од љубовта со којашто нè исполнува Неговата порака: Радувајте се!

Оваа победа на Животот над смртта, овој разгорен оган кој го проголта гревот и оваа светлина која темнината на адот не може да ја опфати, не ни се дарувани само нам кои сме крстени во името на воскреснатиот Господ – Кој е коренот на нашата вера, туку за целото човештво и за сиот свет.

Во оваа свештена велигденска радост, ние христијаните имаме голема одговорност бидејќи сме должни да ја сведочиме победоносната вест за Воскресението, за да и другите ја чујат, видат и познаат, па да поверуваат и да влезат во радоста на Христа воскреснатиот. Па така и тие, заедно со нас и со сите созданија, да ги прославаат радоста и





правдата на Царството Божјо кое, во воскреснатиот Спасител, не ќе има крај.

## Воскресенска надеж

Нашиот богољубив народ отсекогаш живеел со воскресенска надеж. Маките и неправдите од овој свет секогаш ги поднесувал утешувајќи се со споменот за Велигден, а во победата Христова ја гледал Божјата правда на Царството небесно кое ќе дојде во слава. Како христоносен народ, по сета македонска земја, секогаш сме ја љубеле воскресенската убава вера која го прославува Велигден не само еднаш годишно, туку постојано – секоја недела. Повикот на псалмо-пејачот: „Ова е денот што го создаде Господ; да се зарадуваме и да се развеселиме во него“, бил повик и за нашиот верен народ да се црквува и во секое-неделното Воскресение да празнува, примајќи Го Христа и поучувајќи се да живее богољубиво и човекољубиво.

И не само оние наши црквенољубиви и родољубиви предци за коишто имаме жив спомен од фреските, иконите и житијата, туку и оние за коишто дознаваме од песните и преданијата на нашиот македонски народ, ни се доказ дека нашите претходници од воскресенската вера не се откажувале ни по цена на страдања, бидејќи биле утврдени во вистината за Воскресението Христово. Нивниот крстоносен начин на живеење, исполнет со воскресенска радост во живиот Бог – нам, на нивното потомство, ни остана светол пример како се исповеда и како се брани темелот на православната вера – Христовото воскресение.

## Светли настани

Ова лето Господово, во кое повторно преку благодатта Божја ни е даден вечно-живиот дар за прославување на Велигден, ќе одбележиме и годишнини од нашето минато кои, како во Татковината, така и насекаде до каде што нѐ има како народ, ќе ни овозможат повторно да го оживееме споменот за тие светли настани од нашата црковна и национална историја. Така, оваа година се навршуваат 1140 години од враќањето во Македонија на светите Климент и Наум од Моравската мисија, со што се организирал црковно-литургискиот живот на Охридската црква и се поставиле темелите на Охридската книжевна школа. Годинава се навршуваат и 1110 години од блаженото упокојување на свети Климент Охридски, патронот на нашата Света Црква, кој во радоста на вечниот живот е наш постојан молитвеник и закрилник. Се навршуваат и 150 години од Разловечкото востание, како и 80 години од донесувањето на првиот Устав на НР Македонија, со кој се потврди возобновената македонска државност. Еве, овие незаборавни настани, врежани во нашата црковно-национална самосвест, нека ни бидат поттик за да го чуваме споменот за нашите достојни претшественици кои се вградиле во основата и во обновата на нашата Татковина Македонија и на нашата Македонска Црква. Но тие нека ни бидат и порака да ги сочуваме придобивките коишто ни ги оставиле, а потоа и да ги надградуваме давајќи нови плодови.

Светлината на Христа воскреснатиот нека нѐ просвети, та со нашата вера и со богоугодни дела да го озариме светот со велигденска радост па во братољубие, оттука па до сите краишта на светот до каде што нѐ има како народ и како Црква, да објавиме на нашиот мајчин македонски јазик: ХРИСТОС ВОСКРЕСНА!“

Протојереј-ставрофор
Кирко Велински



# Празнување на Велигден

*Подготовките за дочекот и празнувањето на најголемиот и најсветлиот празник во Православната црква – Воскресението Христово (Велигден), во МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“ во Риека, започна уште со благодатниот период на Великиот пост*

Кон овој свет и спасоносен подвиг, верниот народ пристапи со покајничко срце, цврста волја и вера во Господ, примајќи духовен благослов од својот парохиски свештеник.

Преку воздржување од телесните и материјалните задоволства, преку засилена молитва, пост, исповед и милосрдие, верниците се стремеа кон духовно очистување и обновување, подготвувајќи ги своите срца да станат достојни садови на светлината на Христовото Воскресение.



Во периодот од Прочка па сè до седмицата пред Велигден во храмот „Св. цар Константин и царица Елена“, сместена во срцето на Стариот град во Риека, беа служени четири Свети божествени литургии, како и два акатиста кон Пресвета Богородица на кои верниот народ се молеше, принесувајќи благодарност и надеж пред престолот на Бога.

Последната седмица пред Велигден, Страдална седмица, беше исполнета со длабоки богословски богослужби преку кои Црквата нè воведува во тајната на Христовите спасоносни страдања. Парохискиот свештеник, отец Дејан Белчовски, со пастирска љубов и духовна одговорност на секоја богослужба ги подучуваше верниците за значењето на вистинската молитва, понизноста и искреното покајание, истакнувајќи ја потребата од љубов, емпатија и човечност кон секој ближен, како суштина на христијанскиот живот – не само за време на постот, туку и како постојан пат на живеење.

Света божествена литургија по повод Христовото Воскресение, во МПЦО„Св. цар Константин и царица Елена“ во Риека беше отслужена на 12 април.

Храмот, озарен од радоста на Воскресението, беше исполнет до последното место, а верниот народ, со запалени свеќи и чисти срца го пречека победоносниот поздрав на животот над смртта. Секој верник носејќи го својот личен животен крст, со благодарност и вера Му пристапи на Бога, со надеж дека преку Воскреснатиот Христос, секоја болка се преобразува, секоја мака има смисла, а смртта е победена со живот.

Христина Грозданоска

# Весели велигденски креации



Традиционално во пресрет на велигденските празници во просториите на МКД „Илинден“ во Риека беше одржана детска креативна работилница. Во духот на традицијата и прославата на Велигден, на работилницата се изработуваа разни украсни декорации од различни материјали.

Најмногубројни учесници беа учениците по македонски јазик при ОУ „Центар“ во придружба на своите родители. Работилницата ја водеа Христина Грозданоска и Ана Фантин, поттикнувајќи ја детската креативност и фантазија.

Вредните детски рачиња изработија прекрасно украсени велигденски јајца, корпи за јајца, цветни венчиња и друго. Работилницата помина во ведра и весела атмосфера, неизоставен креативен неред и незаборавно дружење.

Непосредно по завршувањето на работилницата, излогот на Друштвото беше закитен со најубавите велигденски декорации.

Х. Г.

## *ВИДОВИ ПРЕДМЕТ*
## *(V дел)*

**Предметот со предлог (предлошки предмет)** се врзува со прирокот со помош на сите предлози, па и со предлогот *на* кога не е употребен за воведување индиректен предмет. Ова може да се каже и за некои од прилошките определби, зашто и кај нив има такви што се претставени со именки што се врзуваат за прирокот со предлози. Навистина, границата меѓу предлошкиот предмет и прилошката определба не е секогаш многу остра. Ова ќе го покажеме со еден пример: – ***Заради тебе*** *Лена престана да учи*. Овде можеме да поставиме две прашања: *зошто?* и *заради кого?* Во првиот случај ќе имаме прилошка определба за причина, а во вториот – предлошки предмет.

Предлошкиот предмет ќе го познаеме по тоа што одговара на прашања што ја содржат заменката форма *кого* (за лица) или заменката *што* – со оној предлог што е употребен во реченицата. Примери: – *Учителот веруваше* ***во своите ученици*** (прашање за предлошкиот објект: *во кого веруваше?*); – *Пеејќи заборавивме* ***на караницата*** (прашање: *на што заборавивме?*); – *Марија зборуваше* ***за цртежот*** (прашање: за што зборуваше Марија?); – *Сите четворица зависевме* ***од нашиот татко*** (прашање: *од кого?*).

Предлошкиот предмет претставен со предлог и именка (или именска група) можеме да го замениме со употребениот предлог и долга форма од личните заменки: *во своите ученици – во нив*; *на караницата – на неа*; *за цртежот – за него*; *од нашиот татко – од него*.



Спореди: – *Па зошто требаше да се мисли и* ***на него****?* (О. Николова); – *И се сеќавам* ***на борбата*** *меѓу мечката и крмакот*. (П. М. Андреевски); – *Кукавиците ќе кукаат* ***по своја рожба***. (Ј. Котевски); – *Стариот почна да расправа* ***за Дамета*** (К. Чашуле); – *Ветерот си играше* ***со нејзината облека***. (К. Мисиркова-Руменова); – *Никој* ***освен Колета*** *не знае* ***за ова***. (Ст. Попов); – *Јас не можам да живеам* ***без тебе****, Ленче!* (В. Иљоски); – *Претставници на католичката црква се изјаснија* ***против разводот***. (од печатот).

Предлозите во рамките на предлошкиот предмет не се употребени со нивните основни, конкретни значења, туку како сврзувачи меѓу прирокот и именката. Има предлози, како *против*, *освен* и сл. што се јавуваат само со предлошки предмет.

Лидија Георгиева
Постојан судски преведувач
од македонски на хрватски јазик и обратно




***PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE***

***Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, građevine, strojarstva.***

***OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!***

# Наградата „Анте Земљар“ за Енес Кишевиќ

***Стручното жири на Хрватското книжевно друштво донесе одлука наградата „Анте Земљар“ за 2026 година, која им се доделува на истакнати книжевници од земјата и од странство кои со своето творештво и оригиналност оставиле значаен белег во литературата, да му биде доделена на книжевникот Енес Кишевиќ***



Во Македонското културно друштво „Илинден“ на 18 февруари 2026 година се одржа свечено доделување на книжевната награда „Анте Земљар“, што ја востанови Хрватското книжевно друштво во 2022 година, по повод 100-годишнината од раѓањето на писателот Анте Земљар. Досегашни добитници на наградата беа Џакомо Скоти (2023), Дијана Буразер (2024) и Борис Јовановиќ Кастел (2025).

Енес Кишевиќ е поет и актер, роден во 1947 година во Босанска Крупа. Остварил забележителни улоги во бројни театарски претстави, а учествувал и во многу филмови, телевизиски серии и радио и ТВ-емисии. Од објавувањето на својата прва поетска збирка „Mladić nosi svoje prve pjesme na ogled“ (1974), препознатлив е не само по впечатливата и инспиративна интерпретација на поезијата на големи светски и домашни автори, туку и по маестралното говорење на сопствените стихови.

Околу триесетте книги што следеа го вброија меѓу најпознатите и најчитани поети на просторите на поранешната држава, но и пошироко. Добитник е на бројни книжевни награди. Во својата богата поетска кариера соработувал со врвни сликари и композитори, а неговите песни се преведени на дваесетина јазици и вклучени во повеќе антологии.

Богатата програма започна со музички настап на МКД „Илинден“ со гитарска придружба на Јуре Ружиќ.

„Вечерва сме тука поради еден голем книжевник, за да му се заблагодариме за сè што остава во наследство, за сите букви во мостовите на литературата што целиот свој живот ги градел и поврзувал, преведувал и ги доближувал народите, различностите и уметноста“, посочи претседателката на МКД „Илинден“, Ивона Дуноски.

Годинешниот лауреат им се заблагодари на жирито и организаторите, потсетувајќи на животната судбина на Земљар – прогонството пред Втората светска војна, учеството во партизанското движење и заробувањето на Голи Оток. Во своето кратко обраќање тој цитираше стихови од Земљар, но и од македонскиот поет Анте Поповски, а на публиката ѝ претстави и дел од своето книжевно творештво.

Наградата се состоеше од диплома, медаљон со ликот на Анте Земљар и уметничка слика со мотиви од островот Паг – родното место на Земљар, дело на академските сликари Емилија и Стојче Тоциновски од Скопје. По свечениот чин, програмата продолжи во музички дух.

Христина Грозданоска

ZAUMPRIJEVODI

BLAŽE ili BLAZHE?
KOČO ili KOCHO?
*Prijevod osobnih dokumenata s makedonskog jezika za boravak i rad u RH, uz transliteraciju osobnih podataka*

STALNI SUDSKI TUMAČI
engleski njemački arapski
*makedonski* srpski bosanski
Maksimirska cesta 40
Zagreb 10000
Pon-Pet 09.00 -17.00 h
Mob: 095/5969-047 (WA, Viber)
E-pošta: zaum.prijevodi@gmail.com

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



## Свежа салата

**Потребно е:** 3 ротквици, 200 г шери домати, 2 млади кромитчиња, 150 г бело сирење, маслиново масло, сол, сушен магдонос и лимон.

**Подготовка:** Доматите, ротквиците и младиот кромид убаво се мијат и се сечат – ротквиците на кругчиња, доматите на половинки, а кромидот на ситни парчиња. Сирењето се сече на поголеми парчиња. Сите состојки се ставаат на чинија и се зачинуваат. Оваа свежа салата е погодна за топли денови.

## Свинско месо со печурки и компири



**Потребно е:** 500 г свинско месо (филе), 300 г свежи печурки, 100 мл бело вино, сол, Вегета, бибер, гранче рузмарин, малку путер, масло за јадење, 300 мл павлака за варење, 1 лажичка скроб, 50 мл млеко, 100 мл вода и 3 поголеми компири.

**Подготовка:** Во тава се ставаат маслото и путерот да се загреат, па се додава месото исечено на парчиња (лентички) со дебелина околу 1 см. Се пржат од двете страни да поруменат. Додека се пржат се додава гранче рузмарин, па се налева виното и се остава да се вари околу 10 минути со долевање на малку вода. Се додаваат печурките, а по 5 минути се додаваат павлаката за варење и скробот изматен во малку млеко. Се зачинува со сол и бибер. На страна се варат компирите, се сечат на коцки, се полеваат со врело масло во кое се додава Вегета. Тоа е одличен прилог за послужување на месото со печурките.



## Обланди

**Потребно е**: 400 мл вода, 400 г шеќер, 200 г мелени посни бисквити, 100 г чоколадо за варење, 125 г маргарин и 1 пакување обланди.

**Подготовка:** Шеќерот и водата кратко зовриваат. Се ставаат на страна, па се додаваат мелените бисквити и се мешаат додека не се згусне смесата. Потоа се додава чоколадото исечено на ситни коцки и се меша додека чоколадото не се истопи. Смесата се остава да се излади, па се додава маргаринот претходно изматен. Со млак фил се филуваат облandите. Потоа се покрива со плех, не претежок, за да се стегне. Се остава да се олади пред консумирање.

М. Г.









# ДИВАТА УБАВИНА НА БЕЛОВИШКА РЕКА




На југоисточните падини на Шар Планина, се крие малото старо ридско село Беловиште, кое како да останало недопрено уште од римско време. Сместено во Општина Јегуновце, на крајниот североисточен дел на Долни Полог и на 20-тина км од Тетово, на надморска височина од 720 м, опкружено со густи шуми, пасишта и извори што никогаш не пресушуваат, Беловиште претставува вистинско прибежиште за сите што бараат мир, тишина и допир со автентичната природа на Македонија.

Низ овој предел тече Беловишка Река, планинска река со студена и кристално чиста вода, која извира на источната страна на Шара помеѓу врвовите Пирибег и Ливадица. Нејзиниот тек е див и разигран, минувајќи низ карпи, тесни долови и шумски појаси, и создавајќи мали каскади, природни базени и водопади, кои се едни од највисоките во Македонија и едни од најдолгите на Балканот.

На реката се формирале три живописни Беловишки Водопади кои се откриваат само за оние што ќе се впуштат во авантура. Распослани во див, речиси непрооден кањон долг околу 2 км, тие се протегаат во серија од каскади со вкупна должина од околу 150 м. Првиот, „Петочко Водиче“ („Враживир“) е најмал, со пад од 12 м, но со најголем воден интензитет. Средниот, „Долна Скала“ е најголем, со пад од 43 м. Горниот водопад, со назив „Горна Скала“, има помал интензитет со непрекинат пад од над 20 м. Овие водопади не се лесно достапни, што ја прави нивната убавина уште поавтентична. Највпечатливи се во пролет кога топењето на снегот од Шара ја засилува реката, а водопадите стануваат величествено моќни и бучат како непрекината песна на планината.

Легендата за името „Враживир“ раскажува дека на тоа место водата била толку длабока и вртложна што „голтала“ сè што ќе ѝ се приближи. Луѓето верувале дека таму има „нечиста сила“, па ретко се задржувале во близина по зајдисонце. Друга легенда вели дека водата од реката „лекува умор“, а шумите околу неа биле засолниште за овчари и патници кои тука наоѓале мир и инспирација, па затоа и денес овој крај има посебна, мистична убавина. Кај излетничкото место Петочко Водиче има две цркви, „Св. Петка“ и „Св. Јован Крстител“, рибници и ресторан, пешачки патеки, мовчиња, патокази, дрвени колиби и клупи. Месноста го добила името по лековитиот извор што помага за очни болести, кој се наоѓа во црквата „Св. Петка“, а е прогласен за најчист во Македонија.

Целиот крај е богат и со ендемски растенија и дивеч. Нема гужва ниту туристички метеж, само жуборот на водата, ветрот низ дрвјата и чекорите по шумските патеки. „Овде природата не се гледа, туку се слуша и се дише“, велат ретките посетители и планинари, кои еднаш доаѓаат и повторно се враќаат.

Елизабета Петровска